| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи | | 5 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| Други акти | | 1 |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и од Министерството за одбрана

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ГОРАН МИСОВСКИ,** претседател |
| | **ВАСКО КОВАЧЕВСКИ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Саздов |
| 2. | Талат Џафери |
| 3. | Ернад Фејзула |
| 4. | Петре Шилегов |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марјанчо Колевски |
| 2. | Ејуп Рустеми |
| 3. | Имер Алиу |
| 4. | Љубиша Николиќ |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Комисијата во овој извештаен период оддржа две седници на кои разгледа 3 точки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| Други акти | | 2 |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14, 142/14). Со Одлуката се утврдени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** претседател | |
| | **МИЛЕ АНДОНОВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Крсто Мукоски | |
| 2. | Драган Цуклев | |
| 3. | Лилјана Кузмановска | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Васил Пишев | |
| 6. | ЃорЃИ Коџобашиев | |
| 7. | Никола Мицевски | |
| 8. | Талат Џафери | |
| 9. | Каљтрина Азизи | |
| 10. | Имер Алиу | |
| 11. | Горан Милевски | |
| 12. | Стојко Пауновски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Светлана Карапетрова | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | Даниела Рангелова | |
| 6. | Васко Наумовски | |
| 7. | Јасминка Дамчевска | |
| 8. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 9. | Реџаиљ Исмаили | |
| 10. | Беким Фазлиу | |
| 11. | Јован Митревски | |
| 12. | Васко Наумовски | |

Во периодот од 1 јануари 2015 година до 4 септември 2015 година со седниците на Комисијата за финансирање и буџет претседаваше членот на Комисијата, пратеникот Крсто Мукоски. Во периодот од 4 септември 2015 година до 31 декември 2015 година со седниците претседаваше претседателот на Комисијата за финансирање и буџет пратеникот Марјанчо Николов.

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година има одржано 72 седници со вкупно 223 точки на дневен ред и тоа: 78 Предлози на закони во прво читање, 46 Предлози на закони во второ читање, 81 Предлози на закони по скратена постапка, Предлог на Буџет на Република Македонија за 2016 година, Предлог за изменување и

дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година, Предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Предлог-среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2016-2020 година, 2 финансиски плана, 10 извештаи и Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија од Европската Комисија во делот на Независни регулаторни, контролни и надзорни тела.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за трансформација во редовен работен однос. Основна цел на ова законско решение е регулирање на трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа (договор), кои извршуваат работа во органите на државната власт, установите од областа на културата, образованието, здравството, детската и социјалната заштита основани од Република Македонија и единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, заводите, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Македонија, како и ограничувањето на периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат со договор.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за издавање на вредносни бонови-ваучери. Со Законот за издавање на вредносни бонови-ваучери се уредува издавањето на вредносни бонови за обезбедување на таблет компјутери со надворешна тастатура за редовните студенти од семејства во кои месечни приходи не го надминуваат износот од 32.741 денари бруто приход и кои за прв пат се запишани во трета и четврта година на студии на високо образовните установи во Република Македонија, како и за студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби запишани во било која година на студии на високо образовните установи во Република Македонија.

На една од своите седници Комисијата го разгледа предлогот на закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Со Предлогот на закон се уредуваат условите и начинот за набавка на недвижни ствари, начинот на користење и располагање со стварите на државните органи при што подетално се уредува начинот на престанок и давање на користење на недвижни ствари на државни органи и правни лица основани од државата и на единиците на локалната самоуправа. Исто така се уредува постапката за давање во сопственост на недвижни ствари на единиците на локалната самоуправа. Се утврдува дека продажбата, размената и закупот на недвижните ствари и продажбата на движните ствари се врши врз основа на проценета вредност согласно Законот за процена. Уредено е дека средствата остварени од продажбата, размената, закупот или давањето на користење на стварите во државна сопственост се приход на Буџетот на Република Македонија ако со друг закон не е поинаку определено, додека пак средствата остварени од продажбата,

размената, закупот или давањето на користење на стварите во општинска сопственост се приход на Буџетот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, ако со друг закон не е поинаку определено.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост. Предлогот на закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост има за цел приближување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и истиот претставува дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА). Со Предлогот на закон се уредуваат условите и постапките за преземање дејствија од страна на царинскиот орган кога постојат оправдани причини за сомневање дека стоката ги повредува правата на интелектуална сопственост, кога стоката е или треба да биде предмет на царински надзор или царинска контрола во царинското подрачје на Република Македонија согласно царинските прописи.

Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на Предлозите на законите од областа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно за давање на гаранции за задолжување. Во оваа насока посебно треба да се нагласат:

Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за финансирање на Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и регионалната клиничка болница во Штип. Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и регионалната клиничка болница во Штип е еден од најзначајните проекти во здравството во Република Македонија. Реализацијата на овој Проект ќе трае од 3 до 5 години и тоа прво ќе се започне со активности на регионалната клиничка болница во Штип, а потоа со реализација на активностите на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје. Вкупната вредност на проектот изнесува 176,7 милиони евра кои се обезбедени од Грант од ВБИФ во износ од 1,4 милиони евра, искористен за изработка на Студијата за изводливост на проектот; заем од Банката за развој при на Советот на Европа во износ од 97 милиони евра и учество на Владата на Република Македонија во износ од 77,6 милиони евра.

Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за Вториот Проект за подобрување на општинските услуги. Целта е да се подобри транспарентноста, финансиската оддржливост и извршувањето на сеопфатни општински услуги кај општините учеснички во Проектот.

Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот "Гасификација на Република Македонија - фаза 1 - делница Штип - Неготино - Битола и делница Скопје - Тетово - Гостивар". Реализацијата на овој проект ќе овозможи достапност на природниот гас како конкурентен и

еколошки чист енергенс до стопанството, индустријата и домаќинствата, поврзување на повеќе региони во државата со системот за пренос на природниот гас и стабилност во снабдувањето со енергенси, пред се во индустријата, што доведува до поголем економски развој на сите региони во Република Македонија. Проектот ќе овозможи повисок степен на остварување на економски и социјални придобивки, како и унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природниот гас како еколошки чист енергенс.

Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и ЈП за државни патишта. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи подобрување на транспортната поврзаност за корисниците на патиштата по Коридорот VIII помеѓу Скопје и Деве Баир како и подобрување на функциите на ЈП за државни патишта за управување и планирање на средства.

Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на патната делница Штип - Радовиш, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта. Со реализацијата на овој проект е предвидена изградба на експресниот пат од Штип (клучка Три Чешми) до Радовиш (клучка Радовиш) во должина од 39 км и ширина од 11,4 м, преку реконструкција и проширување на постојната делница Штип Ђ Радовиш во должина од 18 км и изградба на нова траса во должина од 21 км.

Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот Топлификација на Битола, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и АД ЕЛЕМ. Првата фаза од централниот топлификационен систем за снабдување со топлинска енергија на општина Битола, се состои од изградба на систем за производство на топлинска енергија, транспортен вреловод, примарна пумпно-топлинска станица во Битола, вреловодна дистрибуциона мрежа во Битола и топлински подстаници во објекти, додека за населбите Новаци, Могила и Логоварди ќе бидат изведени само приклучоците кон идните дистрибутивни мрежи. Проектот има за цел да ја замени употребата на електрична енергија, нафтата и дрвото за греење со што ќе се намалат емисиите на стаклени гасови и ќе се подобри сигурноста на дистрибутивната мрежа.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на данок на додадена вредност и платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување. Целта е да се овозможи намалување на финансиското оптоварување на деловните субјекти преку ослободување од обврската

за плаќање на каматите по основ на неплатени придонеси од задолжително социјално осигурување, од кои најголем дел се акумулирани во периодот на кризата. На овој начин, преку откажување на делот од долгот кој настанал по основ на камата, покрај тоа што се намалува оптоварувањето, се создаваат и околности за редовно сервисирање на тековните обврски кои настануваат по овој основ.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година и Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2016 година. При нивното разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2014 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози и мислења, кои што треба да се имаат во предвид при изготвување на наредните буџети.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Предлогот на Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите со која се предлага реалокација на средства во рамки на планираните средства со Буџетот на Република Македонија за 2015 година.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето и извршените ревизии на Државниот завод за ревизија за 2014 година и му предложи на Собранието на Република Македонија да усвои заклучоци по истиот.

Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира и контролира пазарот на хартии од вредност. Согласно Законот за хартии од вредност Комисијата го доставува Годишниот извештај за своето работење до Собранието за усвојување. Имајќи ја предвид оваа законска одредба Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2014 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2015 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои. Во расправата беа позитивно оценети планираните активности на Агенцијата за 2015 година како што се: промоција на улогата на осигурувањето; супервизија на осигурувањето; одржувањето на обуки и стручни испити за осигурителни брокери, застапници во осигурувањето и актуар; учество во Твининг проектот за натамошна хармонизација со ЕУ на полето на осигурувањето и други.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2014 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2014 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењета на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2014 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2014 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година. Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година.

Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Народната банка на Република Македонија во 2014 година и Извештајот за ризиците во банкарскиот систем на Република Македонија во 2014 година. На седница на Комисијата присуствуваше гувернерот кој ги презентираше извештаите и ја информираше Комисијата во врска со прашањата од монетарната политика и финансискиот систем и состојбата на економијата.

Комисијата го разгледа Извештајот на Европската Комисија за Република Македонија за 2015 година и во расправата воглавно се осврна во делот на поглавјата кои се во нејзина надлежност: слободно движење на капиталот; јавните набавки; финансиските услуги; оданочувањето; економската и монетарната политика; Царинската унија; финансиската контрола и финансиските и буџетските одредби.

На една од своите седници Комисијата ја разгледа и Предлог-среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2016-2020 година.

Комисијата ја разгледа и Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија од Европската Комисија и Препораките од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите објавени пролетта 2015 година, во делот В. Независни регулаторни, контролни и надзорни тела.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други Предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

Меѓународна активност

На барање на Европската Комисија на 11 март 2015 година се оствари средба на членовите на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република

Македонија со претставници на мисијата СИГМА/ОЕЦД. Целта на средбата беше проценка на напредокот во реформите и состојбата во областа на јавните финансии која ќе се користи за подготовка на Годишниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија.

Членовите на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на 1 јули 2015 година остварија средба со Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ). Во текот на дискусијата се разговараше за економските перспективи на Република Македонија имајќи ги предвид политичките случување во земјата, какви влијанија се очекуваат во текот на втората половина на 2015 година особено во однос на ризиците што доаѓаат заради кризата во Грција, фискалната состојба во земјата, имајќи ја предвид глобалната финансиска криза како и состојбата со висината на јавниот долг на земјата.

Членовите на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на 20 јули 2015 година одржаа средба со претставници на Програмата за јавни расходи и финансиска отчетност ЂПЕФА. На средбата беа разменети мислења за аспектите на управување со јавните финансии во Република Македонија, постапката за носење на Буџетот на Република Македонија и соработката меѓу Собранието на Република Македонија и Државниот завод за ревизија.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>72</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>223</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>205</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>78</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>46</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>81</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>14</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>1</td></tr>
</table>

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ** претседател |
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Драган Цуклев |
| 2. | Лилјана Кузмановска |
| 3. | Васил Пишев |
| 4. | Сашо Акимовски |
| 5. | Каљтрина Азизи |
| 6. | Муса Ибраими |
| 7. | Газменд Алији |
| 8. | Миле Андонов |
| 9. | Стефан Богоев |
| 10. | Васко Ковачевски |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Илиоски |
| 2. | Стојан Миланов |
| 3. | Крсто Мукоски |
| 4. | Ѓорѓи Коџобашиев |
| 5. | Реџаиљ Исмаили |
| 6. | Ејуп Рустеми |
| 7. | Беким Фазлиу |
| 8. | Чедомир Саздовски |
| 9. | Стојко Пауновски |
| 10. | Марјанчо Николов |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014) со која е определен претседателот, десет члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година има одржано 31 седница со вкупно 94 точки на дневен ред, од кои 35 предлози на закони во прво читање, 33 предлози на закони во второ читање, 21 предлози на закони во скратена постапка и 5 извештаи.

Во изминатиот период Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на законите од областа на енергетиката, трговските друштва, јавните претпријатија, технолошките индустриски развојни зони и друго.

Комисијата го разгледа Законот за енергетика со кој се утврдува делот за енергетска контрола и издавање на енергетски пасош да се применува само за нови објекти од сите категории, а за постојните објекти да важи од влезот на Република Македонија во Европската унија, при продажба и давање под закуп. Исто така се пропишува сертификатот за енергетска контрола за државните и за сите правни субјекти да не се обновува на три години туку важноста на истиот да биде 10 години.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа и законот за јавните претпријатија. Основна цел на

предложеното решение е да се овозможи статутите на јавните претпријатија да се дополнат со обврска за органот за надзор да дава одобрение на сите одлуки на органот на управување кои се однесуваат на износите над 50.000 евра. Со ваквото решение Надзорниот одбор кога станува збор за поголеми набавки во јавните претпријатија ќе треба да даде одобрение на Управниот одбор, а истото ќе се овозможи преку статутот на јавното претпријатие. Комисијата во изминатиов период го разгледа и Законот за техничката инспекција со кој се предлага проширување на надлежностите на техничкиот инспекторат во насока да постапува и според одредбите утврдени во Законот за работни односи кој што се однесува на санкционирање на субјектите (работодавачите) кај кои ќе бидат затекнати лица со кои не е заснован работен однос, согласно Законот за работни односи.

Комисијата исто така го разгледа и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Со него се врши надградување на системот за електронска пријава за основање, промена и бришење на трговските субјекти преку систем за е-регистрација. Со Предлогот на законот се уредува уписот на промени и бришење на трговските субјекти да се одвива исклучиво по електронски пат преку систем за е-регистрација.

Во рамки на надлежноста на Комисијата беа разгледани и измените на Законот за трговија. Основна цел на предложените измени и дополнувања на Законот за трговија е да се регулира продажбата на употребувани моторни возила преку регулирање на увозот на употребувани моторни возила од страна на физичките лица граѓани за свои потреби и преку дефинирање на автоплацевите како посебна категорија на продажни објекти за трговија со стари моторни возила и пропишување на минимални технички услови на истите.

Комисијата го разгледа Законот за измени на Законот за трговските друштва. Предложените измени и дополнувања се во насока на подобрување на правата за заштита на малцинските инвеститори согласно Методологијата од Извештајот на Светска банка ‌Доинг Бусинесс 2015". Со него се прецизира начинот на усвојување измена на статутот, се воведува механизам за внатрешна ревизија, известувања на јавноста и акционерите за реализирана зделка со заинтересирана страна, иневозможување на мнозинските и зависните друштва да се стекнуваат со акции издадени од страна на нивните матични компании и овозможување на правото на акционерите слободно да тргуваат со акциите на акционерските друштва кои котираат на берза пред извршување на секоја голема активност на друштвата или одржување на собранието на акционери.

Комисијата посвети внимание и на Законот за градежните производи. Целта на донесувањето на овој закон е транспонирање на новата регулатива 305/2011 на Европската унија во областа на градежните производи. Постоењето на нееднаков третман на пазарот на градежни производи во земјите на Европската Унија, како и потребата од воведување на еднаков третман на изјавата за својствата и принципот на системот за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи беа основните причини за

донесувањето на новата регулатива. Правилата во оваа Регулатива директно влијаат врз условите за градежните производи. Овие услови постепено се одразуваат на националните стандарди за производи, националните технички одобренија и технички спецификации кои се поврзани со градежните производи. Овие правила не се однесуваат само на безбедност на градбите и на градежните работи, туку и на здравјето, издржливоста, заштеда на енергија и заштита на животната средина. Предложеното законско решение ќе придонесе за поедноставување на административните постапки, скратување на времето потребно за именување на телата и зголемена ефикасност за контрола и сузбивање на сите технички и трговски бариери во оваа област.

Во изминатиот период беше разгледан и Законот за стечај. Целта на предложеното законско решение е да се овозможи користење на податоци и електронско поврзување на органите надлежни за спроведување на стечајната постапка со Агенцијата за катастар на недвижности, со тоа што ќе се обврзат исправите за правен основ кои се во врска со катастарот на недвижности, заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок по електронски пат да ги доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности. Со Предлог на законот се пропишува дека овластениот стечаен управник е должен електронски да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности заради прибавување на податоци од катастарот на недвижности неопходни за спроведување на предходната постапка како и постапката по продажба на имотот на стечајниот должник по пат на е-аукција.

Комисијата го разгледа Законот за технолошки индустриски развојни зони. Со предложените измени на Законот за технолошки индустриски развојни зони, се предвидува посебна постапка за издавање одобрение за градење во зоните, која ќе се спроведува под услови и во рамки на пократки рокови утврдени во овој Закон. На овој начин, се настојува да се избегне можноста за еднострано раскинување на Договорот за закуп за користење на земјиште во зоната, од страна на Дирекцијата, во случај кога корисникот на зоната нема да успее да ја исполни обврската на доделеното земјиште за користење да започне со градба во рок од девет месеца од склучувањето на договорот за закуп, а најдоцна за 30 месеци да заврши со градбата и да почне со производство, токму поради неможноста во рамки на овие рокови да обезбеди одобрение за градење.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за занаетчиство чија основна цел е подобрување на регулативата во делот на занаетчиството, воведување на електронски занаетчиски регистар, воведување на занаетчиска дозвола и подобрување на коморскиот систем.

Во изминатиот период Комисијата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на законот за јавно приватно партнерство. Дополнувањата се во насока постапката за доделување на нова концесија или јавно приватно партнерство да започне шест месеци пред истекот на тековната концесија или јавно приватно партнерство. Со Предлогот на законот се пропишува дека во случај на спроведување на нова постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство истата треба да

започне шест месеци пред истекот на тековната концесија или јавно приватно партнерство.

Комисијата разгледа и повеќе предлози на закони кои беа во насока на усогласување со Законот за прекршоци и законот за правосудниот испит.

Согласно Законот за енергетика, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата за економски прашања го разгледа Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2014 година. Регулаторната комисија за енергетика ги врши работите што се однесуваат на регулирање на прашањата поврзани со вршењето на енергетските дејности определени со Законот за енергетика и е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите.

Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2014 година кој што е законска обврска за разгледување и усвојување од страна на Собранието. Комисијата за заштита на конкуренцијата е регулаторно тело со надлежност да ја контролира примената н прописите донесени врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата, да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, да води постапки и да донесува одлуки согласно одредбите од Законот.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 31 |
| Вкупно разгледани точки | | 94 |
| **Поднесени амандмани** | | **4** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 89 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 35 |
| | 2 читање | 33 |
| | скратена и итна | 21 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2014, 114/2014 и 142/2014) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ПАНЧЕ ОРЦЕВ,** - претседател |
| | **САШО ПОЦКОВ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Дајанчо Ефтимов |
| 2. | Љупчо Димовски |
| 3. | Олга Најденовска |
| 4. | Никола Мицевски |
| 5. | Ристо Манчев |
| 6. | Реџаиљ Исмаили |
| 7. | Мирван Џемаиљи |
| 8. | Орхан Ибраими |
| 9. | Милева Горгиева |
| 10. | Мира Стојчевска |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Ѓорѓиевски |
| 2. | Марјанчо Колевски |
| 3. | Соња Талевска |
| 4. | Ѓоко Камчев |
| 5. | Ѓорѓи Коџобашиев |
| 6. | Зулфи Адили |
| 7. | Нора Алити |
| 8. | Газменд Алији |
| 9. | Горан Сугаревски |
| 10. | Миле Андонов |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2015 до 31 декември 2015 година, има одржано 25 седници на кои разгледани се вкупно 87 точки на дневен ред од кои 86 точки ги разгледа како матично работно тело и 1 точка како заинтересирано работно тело и тоа:
- 28 предлог на закони во прво читање;
- 29 предлог на закони во второ читање;
-28 предлог на закони во скратена постапка;
- 1 информација и
- 1 извештај.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа поднесени вкупно 65 амандмани од кои усвоени се 17 амандмани, 1 усвоен со изменет текст, неусвоени се 41 амандман, повлечени се 6 амандмани.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи 7 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата водеше општ претрес на закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, истите ги разгледа во второ читање, а предлог на закони се разгледаа и во скратена постапка.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

во редовна постапка:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделски производи (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата (второ читање);

-Предлог на закон за водостопанство (прво и второ читање);

-Предлог на закон за престанување на важење на Законот за водните заедници (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за шумите (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за хидрометеоролошка дејност (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за пасишта (прво и второ читање);

-Предлог на закон за дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (прво и второ читање);

-Предлог на закон за дополнување на Законот за ловството (прво и второ читање);

-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделски задруги (прво и второ читање);

-Предлог на закон за дополнување на Законот за државниот инспекторат за земјоделство (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделски производи (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државниот инспекторат за земјоделство (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водостопанство (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедноста на храната за животните (прво и второ читање);

во скратена постапка:

-Предлог на закон за изменување на Законот земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на храната;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за хидрометеоролошка дејност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сточарството;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за нуспроизводи од животинско потекло;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделски производи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државниот инспекторат за земјоделство;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарното здравство;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно медицински препарати;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедноста на храната за животните и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната.

1 Извештај како заитересирано работно тело
Извештај на Европската комисија за Република Македонија за 2015 година во делот на земјоделството, шумарството и водостопанството;

1 Информација како матично работно тело
Информација од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со актуелната состојба со поплавите во Република Македонија, образложена од заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесено амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 25 |
| Вкупно разгледани точки | | 87 |
| **Поднесени амандмани** | | **7** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 57 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 28 |
| | 2 читање | 29 |
| | скратена и итна | 28 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/14, 114/14 и 142/14). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **РЕЏАИЉ ИСМАИЛИ,** - претседател |
| | **РАМИС МЕРКО,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Лилјана Затуроска |
| 2. | Славе Гошев |
| 3. | Амди Бајрам |
| 4. | Стојан Миланов |
| 5. | Фатмир Имеровски |
| 6. | Ејуп Рустеми |
| 7. | Газменд Алији |
| 8. | Дуфе Кукоски |
| 9. | Томислав Тунтев |
| 10. | Љубиша Николиќ |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Благоја Деспотоски |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Слаѓана Митовска |
| 4. | Драган Данев |
| 5. | Ристо Манчев |
| 6. | Муса Ибраими |
| 7. | Мерал Узеири Ферати |
| 8. | Љубица Буралиева |
| 9. | Благоја Стојановски |
| 10. | Хари Локвенец |

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2015 до 31 декември 2015 година, има одржано 32 седници со 2 продолжение на седници на кои се разгледани вкупно 129 точки на дневен ред од кои 129 точки како матично работно тело:

-34 предлози на закони во прво читање;
-35 предлози на закони во второ читање;
-42 предлог на закони во скратена постапка;
-3 предлог одлуки;
-13 годишни извештаи, програми, информации и
-еден извештај од Законодавно правна Комисија.

Комисијата разгледа вкупно 133 амандмани од кои усвоени беа:44 амандмани, еден амандман усвоен со

видоизменет текст, неусвоени 71 амандмани и 17 амандмани повлечени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи 5 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2015 до 31 декември 2015 година година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на дневен ред:

-Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2015 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај - II читање;

-Предлог - закон за градежно земјиште - II читање;

-Годишен извештај за работата за 2013 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;

-Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2014 година;

-Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период 01 јули до 31 декември 2014 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште - II читање;

-Предлог на закон за прогласување на локалитетот парк-шума Гази Баба за парк на природата - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија - I читање;

-Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

-Предлог на закон за прогласување на локалитетот парк-шума Гази Баба за парк на природата - II читање, поднесен од пратениците: Олга Најденовска, Талат Џафери, Илија Димовски, Светлана Јакимовска и Александар Николоски;

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Македонската радио-телевизија за 2015 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот- I читање;

-Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2015 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот - II читање;

-Предлог на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2015 година;

-Предлог на Годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија за 2015 година;

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти- I читање;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2014 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата електронски комуникации за 2014 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство - I читање;

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање;

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство - II читање;

-Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации (I фаза);

-Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на

опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за урбано зеленило - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта- II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;

-Разгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија, по предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта;

-Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија од Европската Комисија како и препораките од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите објавени пролетта 2015, во делот В. независни регулаторни, контролни и надзорни тела;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - скратена постапка;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - скратена постапка;

-Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2014 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесправно изградени објекти - скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесправно изградени објекти - скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со

електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад - I читање

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка;

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка;

-Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот- II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронско управување - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот -I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронско управување - II читање;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот -II читање;

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште - I читање заведен под архивски број 08-4303/1 - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште - I читање заведен под архивски број 08-4302/1 - II читање;

-Предлог за изменување и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2015 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење;

-Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка, поднесен од пратениците: Лилјана Затуроска, Реџаиљ Исмаили, Рамис Мерко, Драган Данев, Слаѓана Митовска, Благоја Деспотоски, Фатмир Имероски, Ејуп Рустеми и Стојан Миланов;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка, поднесен од пратениците Талат Џафери и Зоран Илиоски;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, поднесен од пратениците: Лилјана Затуроска, Реџаиљ Исмаили, Ејуп Рустеми, Рамис Мерко, Драган Данев, Слаѓана митовска, Благоја Деспотоски, Фатмир Имероски и Стојан Миланов;

Предлог на закон за урбано зеленило - I читање, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Солза Грчева, Љубица Буралиева, Роза Топузова Каревска и Павле Трајанов и

-Предлог на закон за урбано зеленило - И читање, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Солза Грчева, Љубица Буралиева, Роза Топузова Каревска и Павле Трајанов;

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 32 |
| Вкупно разгледани точки | | 129 |
| **Поднесени амандмани** | | **9** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 77 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 34 |
| | 2 читање | 35 |
| | скратена и итна | 42 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 15 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ОЛГА НАЈДЕНОВСКА,** претседател | |
| | **МАРИЈА АНГЕЛОВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Светлана Карапетрова | |
| 2. | Димитар Стевананџија | |
| 3. | Благица Ласовска | |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 5. | Драган Данев | |
| 6. | Ејуп Рустеми | |
| 7. | Рамиз Мерко | |
| 8. | Орхан Ибраими | |
| 9. | Чедомир Саздовски | |
| 10. | Солза Грчева | |
| 11. | Љубиша Николиќ | |
| 12. | Ммилева Георгиева | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Светлана Јакимовска | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Сузана Секуловска | |
| 4. | Трајчо Димков | |
| 5. | Слаѓана Митовска | |
| 6. | Џеват Адеми | |
| 7. | Ермира Мехмети | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Горан Милевски | |
| 11. | Рената Дескоска | |
| 12. | Јован Митревски | |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 138/14, од 17 септември 2014 година) на местото на Никола Мицевски за член на Комисијата е избран Драган Данев*

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 155/15, од 4 септември 2015 година) за членови на Комисијата се избрани Љубиша Николиќ и Милева Ѓоргиева а за заменици членови на Комисијата се избрани Горан Милевски, Рената Дескоска и Јован Митрески.*

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31*

*декември 2015 година одржа 17 седници, на чиј дневен ред беа 54 точки, од кои 47 предлози на закони предложени од Владата на Република Македонија.*

**Законодавна дејност**

Во деловнички утврдената процедура за донесување на закони, во 2015 година Комисијата расправаше по 47 предлог на закони и две статутарни одлуки.

Според постапката за донесување закон, девет (9) предлози на закони Комисијата разгледа во редовна постапка, а 31 законски предлози во скратена постапка.

Во второто читање, Комисијата дебатираше по 159 амандмани предложени од овластени предлагачи. Од нив се усвоени 31 амандмани, не се усвоени 100 амандмани, а 24 амандмани се повлечени.

Комисијата беше предлагач на 10 амандмани.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа измените и дополнувањата на законите за: основното образование; средното образование; високото образование, Академијата за наставници; наставници за основните и средните училишта; обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење; високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание основното и средното образование; просветната инспекција; иновациската дејност; учебници за основно и средно образование; стручно образование и обука; образование на возрасните; ученичкиот стандард; студентскиот стандар; научно- истражувачката дејност; основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност; спортот; спортска академија; спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари; основање на Универзитет Мајка Тереза во Скопје и основање на Државен универзитет во Тетово

Согласно со утврдената надлежност, Комисијата расправаше за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола и за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Државниот универзитет во Тетово ".

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 17 |
| Вкупно разгледани точки | | 54 |
| **Поднесени амандмани** | | **10** |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 50 |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 12 |
| | скратена и итна | 31 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,

-збогатување на историското и уметничкото творештво,

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,

-афирмација и заштита на авторството и авторското право,

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,

-издавачка дејност и библиотекарство,

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,

-употреба и заштита на македонскиот јазик,

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАГДАЛЕНА МАНАСКОВА,** претседател | |
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Момчило Аврамоски | |
| 2. | | |
| 3. | Сузана Секуловска | |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 5. | Хазби Лика | |
| 6. | Зулфи Адили | |
| 7. | Орхан Ибраими | |
| 8. | Роза Топузовска Каревска | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | Софија Куновска | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Славе Гошев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 5. | Рафиз Аљити | |
| 6. | Мирван Џемаиљи | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | Стефан Богоев | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Лидија Димова | |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, од 22 декември 2015 година) за претседател на Комисијата наместо Силвана Бонева е избрана досегашниот член на комисијата Магдалена Манаскова.*

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, Комисијата за култура одржа 14 комисиски седници на кои беа разгледани вкупно 29 точки од дневниот ред, од кои 26 беа предлози на закони. Комисијата разгледа 32 амандмани од овластени предлагачи, од кои 21 беа усвоени, 7 не беа усвоени и 4 амандмани беа повлечени.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа разгледани:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките - I читање;

-Јавна расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за музеите;

-Јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање;

-Предлог на закон за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, по скратена постапка - II читање;

-Активности за подготовка на Предлог-програмата за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2016 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за

културно наследство од особено значење, по скратена постапка - II читање;

-Предлог на закон за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик - II читање и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 29 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 26 |
| Закони | 1 читање | 6 |
| | 2 читање | 6 |
| | скратена и итна | 14 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14 и 142/14 година).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈАГОДА ШАХПАСКА,** претседател | |
| | **АЛЕН ГЕОРГИЈЕВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 2. | Момчило Аврамовски | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Сашо Василевски | |
| 5. | Александар Стојковски | |
| 6. | Јамин Синани | |
| 7. | Мирсада Емини Хасани | |
| 8. | Мерал Узеири Ферати | |
| 9. | Билјана Наастевска | |
| 10. | Јулијана Силјановска | |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Соња Талевска | |
| 2. | Драган Цуклев | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Андон Чибишев | |
| 5. | Благородна Бојаџиева | |
| 6. | Артан Груби | |
| 7. | Шпреса Хадри | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | Марјанчо Николов | |

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

За овој период Комисијата одржа 24 седници, со разгледување на 49 точки на дневен ред. Комисијата има поднесено 4 амандмани.

Беа разгледани повеке предлози на закони, меѓу кои:
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита од пушењето;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за вршење на психолошка дејност;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за јавно здравје;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;
-Предлог на закон за ментално здравје;
-Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2015 година, со посебен осврт на Поглавјето 28 во делот на здравствената заштита и
-Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување.

Посебно значајно е разгледувањето на Предлог законот за комплементарна и алтернативна медицина со кој за прв пат законски се регулира комплементарната медицина како вид на практики кои ќе се применуваат во склоп на традиционалната медицина, додека пак алтернативната медицина ќе се користи како замена за традиционалната терапија.

Комисијата за здравство има особено конструктивни расправи кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. На седниците во континуитет се поканууваат и присуствуваат претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, Лекарската комора на Република Македонија, Фармацевтската комора на Република Македонија и Стоматолошката комора на Република Македонија.

По повод разгледувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2015 година, Комисијата за здравство во рамките на своите надлежности расправа за Поглавје 28 во делот на здравствената заштита.

Комисијата за здравство во овој период одржа 2 јавни расправи. Првата јавна расправа се одржа на 20 ноември 2015 година на тема: „Перинатална, доенечка и смртност на родилки во Република Македонија" со донесување на конкретни заклучоци по темата. Втората јавна расправа се одржа на 11 декември 2015 година на тема: "Обезбедување одржливост на воспоставени програми за ХИВ за групите под особен ризик од ХИВ по заминувањето на Глобалниот фонд на крајот на 2016 година „можности и предизвици" и беа донесени заклучоци. На јавните расправи беа поканети и учествуваа со свои мислења, предлози и забелешки државни, јавни органи и институции, здруженија и други невладини организации кои ја третираат проблематиката на темите.

Секако значајни се и расправите на седниците на Комисијата по другите закони од здравствената дејност од аспект на квалитетно подобрување на законските

одредби за нивна практична имплементација.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 24 |
| Вкупно разгледани точки | | 49 |
| **Поднесени амандмани** | | **4** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 48 |
| Закони | 1 читање | 12 |
| | 2 читање | 13 |
| | скратена и итна | 23 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14 и 142/14) со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈОВАН МИТРЕВСКИ,** претседател | |
| | **СОЊА МИРАКОВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Благоја Деспотоски | |
| 2. | Слаѓана Митовска | |
| 3. | Соња Талевска | |
| 4. | Александар Стојкоски | |
| 5. | Благородна Бојаџиева | |
| 6. | Марија Ангелова | |
| 7. | Селвије Салиу | |
| 8. | Мирсада Емини Асани | |
| 9. | Газменд Алији | |
| 10. | Марјанчо Николов | |
| 11. | Јулијана Силјановска | |
| 12. | Јагода Шахпаска | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Драган Цуклев | |
| 2. | Весна Пемова | |
| 3. | Сузана Секуловска | |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Алим Билали | |
| 7. | Ејуп Рустеми | |
| 8. | Зулфи Адили | |
| 9. | Орхан Ибраими | |
| 10. | Солза Грчева | |
| 11. | Марјан Даскаловски | |
| 12. | Ален Георгиев | |

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, Комисијата за труд и социјална политика одржа триесет и една седница. На седниците беа разгледани вкупно 78 точки на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, претставници на синдикати од областа на труд и социјалната политика, јавни установи, невладини органицации кои дејствуваат во оваа област, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата

координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони и други акти:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита;

-Предлог закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на труд;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенции за привремени вработувања;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за национална база на податоци на лица со инвалидност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување и зачтита од дискриминација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на плати и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство.

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за евиденција од областа на трудот;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Европски работнички совет;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за уоптреба на знаковниот јазик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инвалидски организации;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци;

-Предлог на закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со општествена и државна сопственост;

-Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално

финансирано пензиско осигурување во 2014 година;

-Извештај на ЕК за Република Македонија за 2015 година во делот: Слобода на движење на работници и социјална политика и вработување;

-Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2015 година;

-Извештај на ЗПК по Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи;

-Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест за 2015 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва и

-Листа на итни реформски приоритети за Републиак Македонија од ЕК и препораките од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите објавени прелетта 2015 година.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>31</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>78</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>55</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>17</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>17</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>38</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">ратификации</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">јавни расправи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/2014), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 114/14) Комисијата може да воспоставува меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател | |
| | **ХАЗБИ ЛИКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Димитар Стевананџија | |
| 2. | Зоран Илиоски | |
| 3. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 4. | Слаѓана Митовска | |
| 5. | Ристо Манчев | |
| 6. | Ѓоко Камчев | |
| 7. | Рамис Мерко | |
| 8. | Беким Фазлиу | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | Благоја Стојановски | |
| 11. | Дуфе Кукоски | |
| 12. | Сашо Поцков | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Благоја Деспотоски | |
| 2. | Никола Мицевски | |
| 3. | Марјанчо Колевски | |
| 4. | Александар Стојковски | |
| 5. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 6. | Алим Билали | |
| 7. | Јамин Синани | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | Чедомир Саздовски | |
| 10. | Панче Орцев | |
| 11. | Мира Стојчевска | |
| 12. | Марјан Даскаловски | |

Комисијата за локална самоуправа на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година има одржано 2 седници.

На Првата седница одржана на 06 октомври 2015 како матично работно тело во Прво читање беше разгледан предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој.

На Втората седница одржана на 10 ноември 2015 година како матично работно тело беше разгледан Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој во (второ читање) по кој не беа поднесени амандмани од овластени предлагачи.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| ратификации | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДАНИЕЛА РАНГЕЛОВА,** претседател | |
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Поповска | |
| 2. | Сузана Секуловска | |
| 3. | Крсто Мукоски | |
| 4. | Алим Билали | |
| 5. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | Мира Стојчевска | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Билјана Настевска | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Олга Најденовска | |
| 3. | Благица Ласовска | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Селвије Салиу | |
| 6. | Каљтрина Азизи | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | Роза Топузовска Каревска | |
| 9. | Милева Георгиева | |
| 10. | Јулијана Силјановска | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, работеше на редовни седници, јавни расправи, меѓуародни и други активности.*

**Во текот на 2015 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги одржа следниве седници:**

Седницата со точка на дневен ред: **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство – I читање,** беше одржана на 12 февруари 2015 година.

Комисијата ги донесе следниве заклучоци:

1.Да се отпочне информативна кампања за новата законска регулатива за семејно насилство. Претседателката на Комисијата

да испрати писмо до локалните комисии за еднакви можности за да организираат состаноци со пратениците од оваа Комисија, центрите за социјална работа, локалната полиција и други надлежни и заинтересирани субјекти во нивните општини.

2.До крајот на тековната 2015 година КЕМ да одржи расправа за спроведување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

3.КЕМ го поттикнува Министерството за труд и социјална политика да го формира Националното координативно тело за борба со семејно насилство.

4.КЕМ формира работна група за разјаснување на делови од предложените законски измени, во која ќе учествуваат претставници на Министерството за труд и социјална политика, експерти и следниве членови: Лилјана Поповска, Силвана Бонева, Роза Топузова Каревска, Даниела Рангелова, Вјолца Мехмети Нуредини, Олга Најденовска и Марија Ангелова.

По дискусијата, Комисијата оцени дека **Предлог на законот е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.**

На 26 август 2015 година, како матично работно тело го разгледа **предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, по скратена постапка - II читање**;

По расправата Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, го проследи **Предлог на законот** на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на седница одржана на 27.08.2015 година, го разгледа **Предлогот на закон за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка - II читање;**

По расправата Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, го проследи **Предлогот на законот** на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

На седница одржана на 26 ноември 2015 година, го разгледа **Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015 година, со посебен осврт на делот за родова рамноправност.**

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:

1.КЕМ го поздравува Извештајот на ЕК и си превзема обврска да посвети посебно внимание за надминување на одредени пропусти, нотирани во него.

2.КЕМ изразува задоволство што во Извештајот се забележани редица напредоци на планот на родовата еднаквост и спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. Исто така КЕМ изразува задоволство што во Извештајот е нотиран подобрениот капацитет на локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите во смисла на нивно поефективно спроведување на обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Како Комисија исто така изразувме задоволство што се нотирани и напорите за превенција и заштита на жртвите на трговија со луѓе, илегалната миграција,

непридружувани малолетни лица како и Законот за семејно насилство.

ЗКЕМ ќе се заложи да се надминат пропустите кои се нотирани во овој Извештај при што особен фокус ќе се стави на:

-зголемување на напорите за намалување на разликата во висината на приходите кај жените и мажите и економско јакнење на жените;

-зголемување на капацитети на службите за заштита на децата изложени на најголем ризик;

-унапредување на механизмите за унапредување на родовата еднаквост и

-поголемо учество на невладините организации и граѓанските здруженија во самите процесите.

**Комисијата одржа и јавни расправи:**

**На 29 април 2015 година, Комисијата за европски прашања и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржаа јавна расправа на тема:**

**Како до родова рамноправност?**

Во расправата беше потенцирано дека Република Македонија има законска и институционална рамка за постигнување родова рамноправност, позитивно искуство со родовите квоти со кои се дојде до 34% жени во парламентот и 30% во локалните совети, позитивна пракса од примената на концептот на родово одговорно буџетирање, како и солидни резултати со мерките за поддршка на повеќе категории жени, но истовремено увидувајќи ја потребата за натамошно унапредување на родовата рамноправност од повеќе аспекти, комисиите ги донесоа следниве:

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1.Комисијата за европски прашања и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите препорачуваат надлежните работни тела и Собранието на Република Македонија да го следат спроведувањето на **Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020**, одредбите од **Законот за еднакви можности,** како и стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги потпишала или ратификувала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација на жените во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економијата и други области.

2.Комисиите предлагаат унапредување на координацијата меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во планирањето и следењето на напредокот во постигнувањето на родовата еднаквост.

3.Комисиите се залагаат, државата преку јавни кампањи и други манифестации да влијае врз јавното мислење на граѓаните, за општествената улога на жените и мажите.

4.Комисиите укажуваат на потребата за рамноправна и еднаква застапеност на жените на избирачките листи на изборите во Република Македонија на парламентарно и локално ниво, преку зголемување на родовите квоти, како и на потребата за повеќе жени градоначалнички.

5.Со цел за постигнување на целосна родова рамноправност на професионален план, потребно е да се постигне повисока застапеност на раководните позиции во органите на државната управа и локалната

власт и другите државни органи основани со Уставот и законите, како и во институциите кои вршат работи од јавен интерес, или доверени јавни овластувања, установи, фондови, агенции, како и јавни претпријатија,

6.Комисиите укажуваат на потребата државата, да преземе мерки со кои на жената ќе и се овозможи баланс помеѓу приватниот и професионалиот живот, со цел таа да не мора да избира меѓу мајчинството и кариерата,

7.Комисиите препорачуваат да се зголеми капацитетот на администрацијата за вклучување на родовата перпектива, преку развивање на модули за gendermainstreaming за државни службеници од страна на Министерсвото за информатичко општество и администрација,

8.Комисиите се залагаат за иницирање, предлагање донесување, како и изменување и дополнување на законската регулатива во Република Македонија во однос на родовата рамноправност, согласно со правото на Европската унија,

9.Комисиите сметаат дека е неопходно економско јакнење на жените, преку обезбедување повеќе средства за програми кои веќе постојат, но и за нови програми, со кои ќе се унапреди статусот на жените воопшто, а посебно на жените претприемачки, руралните жени, жените со социјален ризик, како и жените со посебни потреби,

10.Комисиите сугерираат да се унапреди положбата на жените претприемачки, преку обезбедување посебна стратегија со редица мерки за стимулирање и олеснување на женското претприемништво.

11.Комисиите бараат да се унапреди положбата на руралните жени, преку поттикнување и олеснување да се вклучат во локалните иницијативи и да започнат сопствени економски активности, со истовремено подобрување на условите за живот и задоволување на социјалните, образовните и здравствените потреби,

12.Комисиите го поттикнуваат натамошното практикување на родово одговорното буџетирање на национално и локално ниво, со оглед на досега постигнатото, за постигнување целосна родова рамноправност,

13.Комисиите укажуваат на потребата за ратификација на „Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство„, позната како Истанбулска Конвенција, како и за обезбедување на повеќе средства за институционално јакнење на надлежните институции,

14.Комисиите бараат унапредување на концептот за родова рамноправност во процесот на образование на сите нивоа, со продолжување на родовите студии, заради ефикасна борба со дискриминацијата,

15.Комисиите ја нагласуваат потребата Државниот завод за статистика да ја унапреди родовата статистика и да обезбеди нејзина целосна достапност на јавноста, со посебен осврт на статистичките податоци по пол за различните области, како што се здравството, образованието, работните и економските услови, насилството, моќта и одлучувањето.

16.Комисиите ја поттикнуваат соработката помеѓу собраниската и локалните комисии за еднакви можности врз база на "Стратешката рамка за соработка" од 11 септември 2013 година донесена во парламентот и

17.Со содржината на овие заклучоци да се запознаат Собранието на Република Македонија, Владата на Република

Македонија, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика и истото да биде објавено на веб-страницата на Собранието на Република Македонија".

***На 6 јули 2015 година, Комисијата одржа јавна расправа на тема:***

**Новите развојни стратешки цели и родовата еднаквост - еднаквите можности на агендата во Република Македонија**

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:

1.КЕМ ја подржува иницијативата за новата развојна пост 2015 год. агенда и преку оваа дебата јасно ја изразува својата поддршка за истата;
2.КЕМ активно ќе се вклучи и во изработка на национална одржлива развојна статегија за имплементирање на новите пост 2015 глобални цели особено во делот за еднаквите можности и родовата еднаквост и
3.КЕМ активно ќе учествува во спроведувањето на активностите на национално и меѓународно ниво.

***Комисијата на 29 септември 2015 година, одржа јавна расправа на тема:***

**Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2014 година**

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:

1.Комисијата за еднакви можности на жените и мажите го прифаќа Годишниот извештај за имлементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2014 година со сугестија да биде доставуван до почетокот на јуни;
2.Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги дава следниве забелешки и сугестии во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост:
-да продолжи борбата на целото општество со стереотипите и предрасудите;
-да продолжат активностите за понатамошно зголемување на учеството на жените во политиката;
-да се зголемат средствата наменети за економско јакнење на жените;
-да се зголемат средствата за информативната кампања во борба против семејното насилство;
-да се зголемат средствата во буџетот кои се наменети за реализација на Стратегијата за родова еднаквост и
-да се разгледа можноста да се активираат родовите студии.

**Меѓународни активности:**

На 2 и 3 март во Белград, Република Србија, во организација на Српската женска парламентарна мрежа на Народното собрание на Република Србија и Мисијата на ОБСЕ во Србија, поддржана од Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) се одржа Конференција за пратенички од Југоисточна Европа со наслов "Еднакви и овластени - Заедно посилни".

На Конференцијата, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија беше претставена од пратеничките Вјолца Мехмети Нуредини и Марија Ангелова.

На 5 март 2015 година во Брисел се одржа Интерпарламентарна конференција за политичкото учество на жените во земјите од Западен Балкан и Турција, на која присуствуваа претседателот на Комисијата Лилјана Поповска и заменик на претседателот Лилјана Кузмановска.

На студиска посета за родово одговорни политики и буџети која се одржа од 29 септември до 2 октомври 2015 година во Стокхолм, Шведска присуствуваше членот на Комисијата Шпреса Хадри.

Пратеничките Олга Најденовска и Јулијана Силјановска, заменик членови на Комисијата учествуваа на конференцијата "Општи и специјализирани услуги за поддршка на жените кои доживеале насилство - квалитетно и достапно осигурување" која се одржа на 24 - 25 ноември 2015 година во Подгорица, Црна Гора.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **3** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Комисијата во овој период има одржано две седници. Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател | |
| | **АНДОН ЧИБИШЕВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Иван Стоиљковиќ | |
| 2. | Магдалена Манаскова | |
| 3. | Алим Билали | |
| 4. | Јасминка Дамчевска | |
| 5. | Артан Груби | |
| 6. | Беким Фазлиу | |
| 7. | Панче Орцев | |
| 8. | Петре Шилегов | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Владимир Ѓорчев | |
| 2. | Љупчо Димовски | |
| 3. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 4. | Драган Данев | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Орхан Ибраими | |
| 7. | Енес Ибраим | |
| 8. | Сашо Поцков | |

Согласно со оваа надлежност Комисијата го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 30-5044/2 од 30 октомври 2015 година и Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 08-2/1773 од 25 декември 2015 година и за тоа на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 2 |
| Вкупно разгледани точки | 2 |
| Поднесени амандмани | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | - |
| Информации, извештаи | 2 |
| Прашања, предлози | - |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка 1 читање | Закони постапка 2 читање | Закони постапка скратена, итна | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | 1 | 2 | - | 1 | - | - | - | - | 1 | **-** | **-** |
| Законодавно-правна комисија | 81 | 928 | 3 | 293 | 236 | 336 | **8** | - | 57 | **-** | **-** |
| одбрана и безбедност | 23 | 57 | - | 14 | 13 | 20 | **6** | - | 10 | **1** | **-** |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 40 | 126 | - | 41 | 34 | 37 | **15** | - | 13 | **1** | **-** |
| надворешна политика | 19 | 43 | - | 1 | 1 | - | **-** | 33 | 8 | **-** | **-** |
| европски прашања | 15 | 18 | - | 8 | - | - | **-** | - | 5 | **5** | **-** |
| прашања на изборите и именувањата | 22 | 81 | - | - | - | - | **-** | - | 81 | **-** | **-** |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 4 | 7 | - | - | - | - | - | - | 7 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на ком. од страна на МВР, управа на фин. Полиција, Царинска Управа и МО | 2 | 3 | - | - | - | - | - | - | 3 | - | - |
| финансирање и буџет | 72 | 223 | 3 | 78 | 46 | 81 | **3** | - | 15 | **-** | **-** |
| економски прашања | 31 | 94 | - | 35 | 33 | 21 | **4** | - | 5 | **-** | **-** |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 25 | 87 | - | 28 | 29 | 28 | **7** | - | 2 | **-** | **-** |
| транспорт, врски и екологоја | 32 | 129 | - | 34 | 35 | 42 | **9** | - | 18 | **-** | **-** |
| образование, наука и спорт | 17 | 54 | - | 9 | 12 | 31 | **10** | - | 2 | **-** | **-** |
| култура | 14 | 29 | - | 6 | 6 | 14 | **-** | - | 1 | **2** | **-** |
| здравство | 24 | 49 | - | 12 | 13 | 23 | **4** | - | 1 | **2** | **-** |
| труд и социјална политика | 31 | 78 | - | 17 | 17 | 38 | **-** | - | 6 | **-** | **-** |
| локална самоуправа | 2 | 2 | - | 1 | 1 | - | **-** | - | - | **-** | **-** |
| еднакви можности на жените и мажите | 7 | 7 | - | 1 | 2 | - | **-** | - | 4 | **3** | **-** |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| **Вкупно:** | **464** | **2019** | **6** | **579** | **478** | **671** | **66** | **33** | **241** | **13** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕЈУП РУСТЕМИ,** претседател | |
| | **БЛАГОЈА ДЕСПОТОСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Антонио Милошоски | |
| 2. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 3. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | Стојко Пауновски | |
| 6. | Благоја Стојановски | |
| 7. | Ермира Мехмети | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Рафис Аљити | |
| 10. | Талат Џафери | |
| 11. | Беким Фазлиу | |
| 12. | Орхан Ибраими | |
| 13. | Кенан Хасипи | |
| 14. | Мите Костов | |
| 15. | Амди Бајрам | |
| 16. | Иван Стоиљковиќ | |
| 17. | Авдија Пепиќ | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа една седница:

-**Третата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 2 јули 2015 година со дневен ред:

**1.Разгледување на Предлог Програмата за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците и**

**2.Информација за спроведување и реализација на Охридскиот рамковен договор, изготвена од Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор.**

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Комитетот г. Ејуп Рустеми. На седницата освен членовите на Комитетот и други пратеници, присуствуваше и заменик на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковен договор г. Муса Џафери кој ги претстави остварените проекти и постигнувањата на оваа институција.

Со оглед на дневниот ред, на седницата беа поканети претставници од Амбасадата на САД во Скопје, претставници од Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија, претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и претставници од Канцеларија за врски на НАТО во Скопје.

Во текот на разгледувањето на Информацијата **за** спроведување и реализација на Охридскиот рамковен договор, изготвена од Секретаријатот, по паузата, поради немање кворум, Комитетот не ја продолжи седницата.

**Работни средби**

На барање на Делегацијата на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа (РКНМ) беше свикана средба на Делегацијата со членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците на 10 декември 2015 година во зградата на Министерството за надворешни работи, но со известување од Министерството за надворешни работи - Директорат за мултиратерални односи, средбата беше откажана.

Во извештајниот период Претседателот на Комитетот, г. Ејуп Рустеми учествуваше во:
- тркалезната маса организирана од страна на Секретаријатот за Импементација на Охридскиот Договор и тоа на 9 ноември 2015 со тема, недискриминација, и на 10 ноември 2015 со тема: употребата на јазиците и
-учество и во дебата "Прогласувањето на Шар Планина како национален парк" организирано од асоцијацијата МОСТ. Дебатата се одржа на 11 декември 2015 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| информации, извештаи | | 1 |
| програми | | 1 |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **РЕНАТА ДЕСКОСКА,** - претседател |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Илија Димовски |
| 2. | Драган Данев |
| 3. | Славе Гошев |
| 4. | Авдија Пепиќ |
| 5. | Артан Груби |
| 6. | Ејуп Рустеми |
| 7. | Мерал Узеири Ферати |
| 8. | Софија Куновска |
| 9. | Благоја Стојановски |
| 10. | Хари Локвенец |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Лилјана Затуроска |
| 2. | Александар Николоски |
| 3. | Благородна Бојаџиева |
| 4. | Јасминка Дамчевска |
| 5. | Рафис Аљити |
| 6. | Реџаиљ Исмаили |
| 7. | Газменд Алији |
| 8. | Горан Мисовски |
| 9. | Панче Орцев |
| 10. | Дуфе Кукоски |

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на РМ бр. 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседател на Советот на Собранискиот канал е потпретседателот на Собранието на Република Македонија Рената Дескоска.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас.

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеци.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно со членот 45 став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија, во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, одржа една седница во три продолженија. За дневниот ред беа предложени три точки, и тоа:

1. Договор за работа на Советот на Собранискиот канал;
2. Реализација на програмата на Собранискиот канал за тековната 2015 година;
3. Програмски план на Собранискиот канал за наредната 2016 година.

Првата и втората точка од дневниот ред се разгледани и за истите се усвоени заклучоци.

Третата точка од дневниот ред не е разгледана.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| планови | | 1 |
| други акти | | 1 |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Во извештајниот период со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија и претседател на Буџетскиот совет, пратеникот Рафис Аљити.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 10 јули 2014 година донесе Одлука со која го утврди составот на Буџетскиот совет. Одлуката е објавена во “Службен весник на Република Македонија“ број 104/2014 година.

Со оваа Одлука е утврдено дека :

Претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е Рафис Аљити, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија се пратениците:

1) Илија Димовски,
2) Зоран Илиоски,
3) Светлана Јакимоска,
4) Ане Лашкоска,
5) Фатмир Имероски,
6) Рамис Мерко,
7) Газменд Алији,
8)
9)

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија која Собранието на Република Македонија ја донесе на седницата одржана на 4 септември 2015 година е утврдено дека:

За членови на Буџетскиот совет се додаваат пратениците

8) Миле Андонов и
9) Горан Милевски.

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија која Собранието ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2015 година е утврдено дека:

Заменик-претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е пратеникот Марјанчо Николов.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа три седници на кои беа разгледани пет точки.

На **Третата седница** одржана на 6 јули 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година. Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието. Правната рамка за работа на Собранието е дадена во Уставот на РМ, Законот за Собранието на РМ, Деловникот на Собранието на РМ и Законот за административни службеници, во делот на Службата на Собранието. Заради усогласување со процедуралните и други стандарди и легислативи на парламентите со долгогодишна парламентарна традиција, а со цел постигнување на повисок степен на ефикасност на работата на Собранието, административна и финансиска автономија, постојани се заложбите за перманентно надградување на овие правни рамки. Од друга страна, стратешката определба на Република Македонија за зачленување во ЕУ и во тој процес улогата на Собранието во усогласувањето на домашното законодавство со правото на ЕУ, подразбира прилагодување и на работата на

Собранието со правилата, методологијата и со стандардите и практиките на парламентите на државите членки на ЕУ. Токму овие елементи се е и појдовна основа во креирањето на содржината на Стратешкиот план. Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на основната, законодавна надлежност на Собранието. Тоа во прв ред се однесува на донесувањето на закони кои значат доградба на конзистентен правен систем на Републиката, со почитување на принципот на владеење на правото и развој на парламентарната демократија. Во овој контекст, наведените цели треба да бидат во функција на поддршка и на процесот на донесувањето на законите со кои законодавството на Република Македонија се усогласува со правото на ЕУ, што е правен предуслов за исполнување на критериумите за процесот на евроинтегрирање на нашата држава. Посебен акцент во Стратешкиот план се става и на контролно-надзорната функција на Собранието, особено преку одржување на надзорни расправи како инструмент за добивање информации и стручни мислења за спроведувањето на политиките, извршувањето на законите и за другите активности на Владата и на органите на државната управа. Инаку, овој вид на контрола е предмет на посебно уредување со Законот за Собранието, кое што се врши врз основа на годишни проекции кои ги утврдува претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Предвидени како обврска со Законот за Собранието, надзорните расправи треба да придонесат кон зајакнување на контролната улога на Собранието во однос на Владата, во делот на следењето на имплементацијата на законите како исклучително значајна за утврдување на применливоста на донесените закони и евентуалната потреба од нивно изменување или дополнување. Преку надзорните расправи се очекува да се добијат повратни информации за степенот на спроведување на законите во пракса и постигнатиот степен на остварените ефекти. Од друга страна, и јавните дискусии кои може да се одржуваат во текот на постапката на донесувањето на законите кога за тоа ќе одлучи Собранието, посебно за законите од поширок интерес, со непосредно вклучување на граѓаните, на стручната и научната јавност, на целните групи кои најнепосредно ги тангираат предметните прашања, треба да придонесат за креирање на издржани и ефективни законските решенија со предвидливи ефекти.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и утврди Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година. Буџетскиот совет констатираше дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои

се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година.

На оваа седница Буџетскиот совет го разгледа Предлогот за продажба на движни ствари во Собранието на Република Македонија на кои потребата од користење е престаната и го утврди следното мислење: Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија заземе став да се започне со постапката за продажба на движните ствари на кои трајно е престаната потребата од користење во Собранието на Република Македонија.

Од причина што потребата од користење на движните ствари специфицирани во пописните листи е трајно престаната, а во функција на ефикасно користење и располагање со стварите во државна сопственост, потребно е во Собранието на Република Македонија да се започне постапка за продажба согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движни ствари, како и евидентирањето и попишувањето на имотот на Собранието и Упатството за располагање со недвижните и движни ствари на Собранието на Република Македонија.

На **Четвртата седница** одржана на 3 септември 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија донесе Заклучок за утврдување на бројот на надворешни соработници во Пратеничката група на СДСМ, НСДП,ЛДП И ПДТ согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија (деСлужбен весник на Република Македонија број 104/2009ее). Согласно член 9 став (2) од Законот за Собранието на Република Македонија секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници имаат право да ангажираат надворешни соработници. Во член 9 став (3) е утврдено дека бројот на надворешните соработници, согласно со принципот на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник ги определува Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Првата седница одржана на 30 јули 2014 година усвои Заклучок со кој го определи бројот на надворешни соработници во Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата; Пратеничката група на ДУИ и Пратеничката група на ДПА. Буџетскиот совет согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, определи 6 надворешни соработници во Пратеничката група на СДСМ, НСДП,ЛДП И ПДТ.

На **Петтата седница** одржана на 1 октомври 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџет на Република Македонија за 2016 година, Раздел 02001- Собрание на Република Македонија. Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија врз основа на расправата оцени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2016 година со кој во Разделот 02001 Собрание на Република

Македонија, Програма 2, Потпрограма 20 од ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ќе се прераспределат средства во износ од 2.500.000 денари на ставката 427 Привремени вработувања. Со оваа пренамена ќе се обезбедат потребните средства за ангажирање на надворешни соработници во пратеничките групи, согласно член 9 од Законот за Собранието на Република Македонија.

За одржаните седници и разгледаните точки донесени се заклучоци и изготвени се записници.

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето на заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во Европската унија.

Советот претставува платформа со инклузивен карактер - овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа.

Во својата досегашна работа од самото формирање, Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати „обединети во разликите", отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа директно пренесувани и покриени од заинтересирани медиуми во Република Македонија.

Овој извештај се однесува на работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година.

Во Извештајот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот;
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции;
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции;
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет и нивно учество во дискусиите и
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2007 година донесе Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007).

Согласно Одлуката, во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 06 јули 2011 година ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.91/2011). Со оваа Одлука во составот на Советот за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидоа заменици членови.

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 15 члена и девет заменици членови, и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат единаесет номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот

совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/2015); Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/2015); Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.165/2015); Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, ("Службен весник на Република Македонија" бр.155/2015) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.225/2015).

Начинот на работа на Советот, составот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците-членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловник на Националниот совет за евроинтеграции.

Во периодот од почетокот на актуелниот парламентарен состав, односно од 10 мај 2014 до 01 септември 2015 година во работата на Советот не учествуваа претставници на најголемата политичка партија во опозиција, поради што не беше донесен нов деловник за работа на НСЕИ. Донесувањето на нов деловник на НСЕИ е поврзано со комплетирањето на составот на НСЕИ (од 04 септември 2015 Советот е во целосен состав) како и консензуалната природа на одлучувањето на Советот, односно согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување

На третата седница на Советот одржана на 12 ноември 2014 година, беше констатирано дека до донесување на нов деловник, Националниот совет ќе продолжи да работи по Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Во првата половина на 2015 година седниците на Советот ги закажуваше и водеше потпретседателот на Советот.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции одржа 3 (три) седници. Една седница беше организирана заедно со Комисијата за европски прашања. Можноста да се одржи заедничка седница со Комисијата за европски прашања или други работни тела во Собранието, е предвидена во член 8 од Деловникот за работа на Националниот совет, а се однесува за прашања од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите.

**На седницата[1] одржана на 12 март 2015 година** Националниот совет за евроинтеграции, разгледа два документи: *Националната програма за усвојување на правото на Европската унија НПАА-ревизија 2015 година,* како и *Наративниот преглед на степен на реализација на НПА ревизија 2014 за IV квартал од 2014 година.* Седницата беше заедничка со Комисија за европски прашања. На седницата беа поканети и присуствуваа заменик-претседателот и членовите на Комисијата за надворешна политика, претседателот и членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и претставници на амбасади на земјите членки на Европската унија во Република Македонија.

Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2015, како и Наративниот преглед на степенот на реализација на НПАА-ревизија 2014, за IV квартал од 2014 година беа презентирани од страна на г. Фатмир Бесими, Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во Европската унија, ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, како и прилагодување на националните институции кон европските административни структури. Вицепремиерот Бесими ја истакна важноста на процесот на европската интеграција за Република Македонија нагласувајќи дека покрај предизвиците со кои се соочува земјата, потребно е да остане фокусирана во спроведување на реформите од европската агенда. Во обраќањето г.Бесими истакна дека од предвидените 57 закони за 2014 година, донесени се 21 закони. Од предвидените 143 подзаконски акти за 2014 година усвоени се 76 акти, 2 се во владина постапка, 9 во меѓуресорска постапка, а 4 се во подготовка и ќе се следат преку НПАА-ревизија 2015. Клучни елементи при ревизијата на НПАА за 2015, се пресретнување на наодите од Извештајот на Европската комисија за 2014 година и Стратегијата за проширување 2014-2015 година, обезбедување на натамошното исполнување на приоритетните реформски цели, обезбедување на натамошната реализација на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и натамошно усогласување со европското законодавство. На седницата беа истакнати клучните приоритети во однос на исполнувањето на политичките критериуми, изборната реформа, децентрализацијата, реформата на јавната администрација, реформата на полицијата, соработката со граѓанското општество, борбата против корупција, унапредувањето на слободата на изразување и медиуми, правата на заедниците, регионалната соработка и приоритетите од економските критериуми. Исто така беа потенцирани клучните приоритети во однос на способноста на превземање на обврските од членството во Европската унија во делот на слободно движење на стоки, финансиски услуги, информатичко општество и медиуми, земјоделство и рурален развој, транспортна политика, енергетика, социјална политика и вработување, регионална политика, правда, слобода и безбедност.

Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г-ѓа Нора Алити заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања, г.Илија Димовски потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, пратениците г-ѓа Шпреса Хадри, г-ѓа Солза Грчева, г-ѓа Силвана Бонева и г. Владимир Ѓорчев, како и г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

На седница, Националниот совет за евроинтеграции со консензус, го усвои следното :

[1] Четврта седница на НСЕИ во актуелниот парламентарен состав;

**М И С Л Е Њ Е**

за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година

1. "Имајќи го во предвид значењето на усогласувањето на македонското со европското законодавство, Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции предлагаат Собранието на Република Македонија да им даде приоритет на разгледувањето и донесувањето на законите, кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2015-2017 година, дадени во Анекс 1;

2. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции препорачуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да ја разгледаат и следат Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2015-2017 година, во одделите и поглавјата соодветно на областа од нивна надлежност;

3. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ги повикуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да го следат спроведувањето на Акцискиот план за селектирани приоритети, усвоен од Владата на Република Македонија;

4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија потврдена и со Меморандумот меѓу политичките партии на Република Македонија потпишан на 16 септември 2013 година, како и препораките во делот на Собранието на Република Македонија од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, Комисијата и Советот ја нагласуваат потребата политичките партии силно да се заложат за остварување на конструктивен и одржлив политички дијалог и дебата во рамките на Собранието.

5. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции укажуваат на потребата од продолжување на Пристапниот дијалог на високо ниво, со цел да се задржи динамиката во спроведувањето на реформите;

6. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ги повикуваат сите општествени субјекти да продолжат да даваат активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија.

7. Комисијата за европски прашања ќе организира јавни расправи за позначајни закони содржани во Анексот 1, на ова мислење, на кои ќе обезбеди поширока расправа и вклученост на сите засегнати страни;

8. Со цел да се обезбеди поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлог-законите содржани во Анексот 2.
   Во оваа насока, Владата на Република Македонија и надлежните министерства треба да обезбедат пракса на доставување на работни текстови на законите од Анексот 2 од ова Мислење, со цел Советот да може да ги анализира законските предлози и навремено да достави свои предлози, сугестии и препораки што ќе произлезат од јавните расправи.

9. Комисијата и Советот укажуваат на потребата сите закони, со кои се врши усогласување на македонското законодавство со правото на Европската унија и кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - Ревизија 2015-2017 година, дадени во Анекс 1, да бидат обележани со ЕУ знаме, со цел да може полесно да се следи процесот на усогласување на македонското со европското законодавство;

10. Со оглед на значењето на административната поддршка во целокупниот процес на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија, како и во процесот на неговата имплементација Комисијата и Советот предлагаат да се интензивира процесот на обуки за државната администрација, инволвирана во овој процес, со цел за обезбедување на попрофесионална обучена администрација.

11. Националниот совет за евроинтеграции како тело кое овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија, ќе продолжи да остварува конструктивна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција на Република Македонија.

12. Составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година, се анексите 1 и 2.

13. Со содржината на ова Мислење да се запознаат Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања и истото да биде објавено на веб-локацијата на Собранието на Република Македонија".

**На седницата[2] одржана на 18 септември 2015 година** пред Националниот совет за евроинтеграции свое обраќање имаше *г. Јоханес Хан, Комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија.* Обраќањето пред НСЕИ беше во рамките на посетата на Комесарот Хан на Република Македонија и одржувањето на Петтиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво. На седницата беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за надворешна политика, Комисијата за европски прашања и

[2] Шеста седница на НСЕИ во актуелниот парламентарен состав;

Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ. На седницата беа поканети и присуствуваа претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и амбасадите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија. Во обраќањето Комесарот Хан посочи дека посетата е во едно исклучително тешко време за европскиот континент кој е соочен со бегалската криза која е предизвик за Европската унија, но и за Република Македонија. Справувањето со кризата бара европско решение за што е обезбедена европска хуманитарна помош. Постигнатиот политички договор во јули годинава претставува важен чекор во постигнување на политичкиот дијалог во државата. Се поздравува враќањето на опозицијата во Собранието, присуството на сите полтички партии во парламентарните комисии и сите други тела во Собранието, како и донесувањето на законот за специјалниот обвинител и неговото именување. Беше изразено задоволство за продолжувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво кој се покажа како важен катализатор на реформите во пет клучни области, преку процес на дијалог и соработка. ПДВН ги вклучува претставниците на четирите политички партии кои го потпишаа договорот во јули, но исто така го вклучува и граѓанското општество. Република Македонија веќе импементираше голем број на реформи, а оние кои остануваат да се имплементираат се амбизиозни и политички тешки, но ќе донесат промени во државата. Комесарот Хан изрази загриженост за политичкото влијание врз независноста на судството. Се искажа очекување избраниот специјален обвинител да ги има потребните ресурси и поддршка во исполнувањето на задачите. Комесарот Хан се осврна на состојбите со медиумите при што изнесе дека клучен елемент во демократијата е слободата на медиумите. Во фокусот на вниманието исто така треба да биде и економското владеење, при што како од голема важност беше оценето подобрувањето на управувањето со јавните финансии и јавните набавки. Потребни се заеднички напори на сите политички партии за намалување на невработеноста и буџетскиот дефицит. Потребно е да се имлементираат преостанатите изборни реформи пред одржувањето на следните парламентарни избори, кои ќе се набљудуваат од меѓународната заедница подетално од вообичаеното. Комесарот Хан упати порака дека ова време е од суштинско значење за Република Македонија и треба да се исполнат сите реформи. Беше најавено дека во октомври, Европската комисија ќе го претстави Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2015 година, за што комесарот Хан изрази надеж дека ќе може да се известат позитивни вести  и напредок.

На седницата свои обраќања имаа г-ѓа Лидија Димова, претседател на Советот, г.Илија Димовски потпретседател на Советот, г. Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија, задолжен за европски интеграции. На седницата со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г-ѓа Ермира Мехмети, г. Александар Николоски, г.Кенан Хасипи, г-ѓа Мерал Узеири Ферати и г-ѓа Солза Грчева, пратеници и членови на Советот, проф.д-р Димитар Мирчев член на Советот од кабинетот на Претседателот на Република Македонија и г.Насер Селмани член на Советот од Здружението на новинари на Македонија.

**На седницата[3] одржана на 23 ноември 2015 година**, Националниот совет за евроинтеграции усвои заклучоци од јавната расправа организирана по повод *Стратегијата за проширување на Европската унија*. Во расправата учествуваа членовите на Советот: г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г-ѓа Ермира Мехмети, г-ѓа Силвана Бонева, г.Орхан Ибраими заменик-член на Советот, г. Илија Димовски потпретседател на Советот и г-ѓа Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции. Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораки и коментарите кои беа изнесени на јавната расправа организирана на 23 ноември 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои следните

**Заклучоци:**

1. "Националниот совет за евроинтеграции констатира дека Стратегијата за проширување на Европската унија претставува важен среднорочен документ кој за првпат го опфаќа целиот период за времетраењето на мандатот на актуелната Европска комисија, односно до 2019 година;

2. Националниот совет за евроинтеграции истакнува дека Стратегијата за проширување на Европската унија предвидува користење на нова методологија во изготвувањето на извештаите за државите кои се во процесот на проширување при што:
 - се констатира и квантифицира тековната состојба во дадената област и тоа со следните оценки: "рана фаза" - "одредено ниво на подготвеност" - "умерено подготвено" - "добро ниво на подготвеност" - "добро напреднато";
 - се дава оценка за постигнатиот напредок во последните 12 месеци и тоа со следните оценки: "назадување" - "нема напредок" - "одреден напредок" - "добар напредок" - "многу добар напредок";
 - се даваат насоки за очекувањата на Европската комисија за следната година во форма на препораки.

3. Советот го зеде предвид пристапот од Стратегијата, на „Основното пред се" (Fundamentals First) кој останува во сила, при што се потврдува дека пристапните преговори за членство во ЕУ започнуваат со поглавјето 23 (Судство и темелни права) и поглавјето 24 (Правда, слобода и безбедност).

4. Со новиот пристап, станува повидливо и споредливо исполнувањето на Копенхагенските критериуми, бидејќи секој критериум е тесно поврзан со постигнување на напредок во конкретни поглавја, и тоа:
 - Политичкиот критериум или владеењето на правото и темелните права (Поглавје 5 – Јавни набавки);
 - Економскиот критериум (Поглавје 18 – Статистика),
 - Правниот критериум (постигнувањата во другите поглавја).

[3] Осма седница на НСЕИ во актуелниот парламентарен состав.

Мадридскиот критериум за членство во ЕУ добива на тежина и се поврзува со конкретно поглавје - Реформа на јавната администрација - поглавје 32 (финансиска контрола).

Економскиот критериум од минатогодишната стратегија за проширување се видоизменува, покрај досегашното транспарентно управување со јавните финансии се приклучува и економскиот развој како и други европски институции (Советот за економско-финансиски прашања – ЕКОФИН).

Се воведуваат и пет пилот области за анализа и тоа:

-Функционирање на правосудството;

-Борба против корупција;

-Борба против организираниот криминал;

-Слобода на изразување,

-Реформа на јавната администрација.

5. Националниот совет за евроинтеграции констатира дека новата методологија ги прави извештаите споредливи, со што целиот процес на проширување станува поедноставен за водење за Европската комисија. Со оглед дека се наметнува прашањето „Дали се прават обиди за примена на регионалниот пристап?", Советот укажува на потребата да се отвори јавна дебата на оваа тема во која ќе се вклучи поширoката јавност (експертите, граѓанското општество, бизнис секторот, синдикатите и др.)

6. Заклучоците од јавната расправа да се доставaт до Претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателите и членовите на Собраниските работни тела, Претседателот на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија".

## ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во текот на 2015 година Националниот совет за евроинтеграции одржа 4 (четири) јавни расправи. Во организирањето на јавните расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции.

Иницијативата за организирање на јавните расправи од страна на НСЕИ беше поздравена од учесниците на јавните расправи кои придонесоа за зголемување на дебатата за одредената област.

Советот согласно донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година, презеде обврска да организира јавни расправи за документи (актуелни теми) и за позначајни закони предвидени во годишната ревизија на НПАА, за кои се ценеше дека е потребна широка дебата, сè со цел обезбедување на поголема инклузивност и

транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во НПАА. Во однос на Анексот 2 кој е составен дел од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2015 година и преземената обрска во 2015 година Советот да организира јавни расправи, од 5 предлог-закони предвидени за јавна расправа, Советот организираше една јавна расправа по Предлог-законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Три предлог-закони[4] од Анексот 2 кои според НПАА беа планирани да се донесат во 2015 година, до крајот на месец декември 2015 не влегоа во Собраниска процедура, поради што Советот не беше во можност да организира јавни расправи.

На 2 септември 2015 година Националниот совет за евроинтеграции заедно со Собраниската Комисија за одбрана и безбедност организираше **Јавна расправа по Предлог законот за безбедност на сообраќајот на патиштата**. Предлог на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата беше дел од Анексот-2 кој е составен дел на Мислењето на Националниот совет за евроинтеграции за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година. На јавната расправа покрај членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции, членовите на Комисијата за одбрана и безбедност беа поканети и потпретседателите на Собранието, членовите на Комисијата за европски прашања и на Законодавно-правната комисија на Собранието, претставници на ресорните министерства во Владата на Република Македонија, државни институции, претставници на универзитети и граѓански организации кои работат во областа. На јавната расправа беа поканети и претставници од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ.

Предлог на законот на јавната расправа го образложи државниот секретар во Министерството за внатрешни работи, г-ѓа Анастасија Илиевска, при што истакна дека јасно утврдената и декларирана цел на Република Македонија за интегрирање во ЕУ како и создавањето услови за примена на европските стандарди во националното законодавство, го отвори прашањето за усогласување на одредени прашања од областа на сообраќајот на патиштата. Предлог-закон претставуваше резултат на мултисекторски пристап и сеопфатна анализа во која биле консултирани низа засегнати страни. Централната улога при подготовката на законот ја имала комисија формирана од министерот за внатрешни работи, во чиј состав учествувале претставници од стручни организациски единици од министерството. Подготовката на законот траела една година, а како заинтересирани страни биле консултирани: Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, овластени испитни центри и автошколи, градот Скопје, Министерството за локална самоуправа, единиците на локалната самоуправа, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Секретаријатот за законодавство, Министерството за финании и др.

На јавната расправа со свои мислења, предлози, забелешки и коментари учествуваа: Стојче Стаменковски претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Благоја Мартиновски и Ленин Јовановски од Мотоциклистичка федерација на Македонија, Ранко Станојковски од Автомобилистичка федерација на Македонија, Влатко Ѓуроски од Автомото сојуз на Македонија, Јонче Апостоловски од Национално здружение на автошколи и возачи-

[4] Закон за енергетика; Закон за фитофармацевтски производи; Закон за управување со отпад.

инструктори, и пратениците Нола Исмајлоска Старова, Роза Топузова Каревска, Павле Трајанов и Андон Чибишев. Во дискусиите беше поздравено донесувањето на нов закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, истиот беше оценет како многу значаен како и се укажа на потребата за допрецизирање и подобрување на одредени решенија со цел да се донесе квалитетен закон како и за негова ефикасна примена во праксата. Од јавната расправа беше подготвен Извештај и истиот е достапен преку интернет локацијата на Собранието во делот на НСЕИ.

На 23 ноември 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции организираше **Јавна расправа за Стратегијата за проширување на Европската унија.** Целта на организирањето на јавната расправа беше важноста на среднорочниот стратешки документ за политиката на проширување на ЕУ кој го опфаќа периодот на мандатот на Европската комисија и особено имајќи го предвид новиот воведен пристап во годишното известување. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, претставници од институции и организации на граѓанското општество кои работат во областа на европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија и од амбасадите на земјите од процесот на проширување на ЕУ.

На јавната расправа се обрати г.Фатмир Бесими, Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, кој изнесе дека и покрај актуелните предизвиците со кои се соочува Европската унија, добра вест е што проширувањето продолжува да биде на агендата на Европската комисија. Господин Бесими информираше дека препораките од Извештајот за Република Македонија за 2015 година, се земени предвид во Акцискиот план за реализација на итните реформски приоритети, чии мерки и активности ќе продолжат редовно да се следат.

Во Пакетот на документи за проширување 2015, кој ја вклучува Стратегијата за проширување на ЕУ и извештаите за 2015 година на земјите кандидати за членство во Унијата како и на земјите потенцијални кандидати, Европската комисија воведе нова методологија и зајакнат пристап во проценката на постигнатиот напредок. Посебно внимание во Стратегијата се посветува и на регионалната соработка преку Берлинскот процес и приоритетите од агендата за поврзаност. Во Стратегијата за проширување на ЕУ, дадени се заклучоци и препораки за Република Македонија како и клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015, од апсект на политичките и економските критериуми, и способноста за преземање на обврските од членството во Унијата.

На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г-ѓа Лидија Димова претседател на НСЕИ, г-ѓа Ермира Мехмети претседател на Комисијата за европски прашања и член на НСЕИ, д-р Димитар Мирчев член на Советот претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г-ѓа Мерал Узеири Ферати член на НСЕИ, г.Кенан Хасипи копретседавач со Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ и член на НСЕИ, г. Васко Ковачевски член на НСЕИ и г.Бојан Маричиќ претставник од Македонскиот центар за европско образование. Во дебатата беше истакнато дека Стратегијата за проширување на ЕУ ги става земјите од регионот во систем на споредување, но сепак останува индивидуалниот пристап,

односно оценување на постигнатиот напредок. Клучни области во кои Европската комисија очекува напредок во Република Македонија се: продолжување на реформите во правосудството и јавната администрација, имплементацијата на законодавството, целосно спроведување на препораките од "Итните реформски приоритети на ЕК", да се подобри целокупното проектирање, транспарентност и спроведувањето на буџетот, како и да се преземат решителни чекори кон решавање на прашањето за името. Од јавната расправа беше подготвен Извештај и истиот е достапен преку интернет локацијата на Собранието во делот на НСЕИ.

Националниот совет за евроинтеграции на 22 декември 2015 година, организираше јавна расправа на тема **"Република Македонија во Европската енергетска рамка".** На јавната расправа предмет на дебата беше постојната Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2010 со визија до 2030 и особено Нацрт-стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2035 година подготвена од Македонската академија за науки и уметности. Од страна на претставникот од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" беше презентиран документ - Анализа на сценаријата за пристапувањето во ЕУ низ призмата на имплементацијата на Стратегијата за енергетика, емисиите и целите утврдени од страна на ЕУ и во другите меѓународни договори.

На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за економски прашања, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, претставници од институции и организации на граѓанското општество кои работат во областа на енергетиката и европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија и од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

На јавната расправа свои обраќања имаа: претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Лидија Димова, претставниците од Македонската академија за науките и уметностите академик Глигор Каневче и проф.Наташа Марковска, претставникот на Министерството за економија и Државен советник за енергетика и минерални суровини г-ѓа Виолета Кецкаровска, и претставникот од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" г-ѓа Ана Чоловиќ Лешовска. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г-ѓа Солза Грчева пратеник и член на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Лилјана Поповска пратеник и член на Комисијата за надворешна политика, проф.др.Константин Димитров од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија, г-ѓа Александра Бујароска од Фронт 21/42, г-ѓа Невена Смилевска од "Еко Свест", г-ѓа Соња Ристеска од Аналитика, г. Андреја Стојковски од Македонскиот центар за европско образование, г.Александар Дуковски директор на Агенција за енергетика на Република Македонија, г.Александар Гочев од План 4Д и г.Џелал Хоџиќ од граѓанската иницијатива "АМАН".

На 24 декември 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции организираше јавна расправа за **"Итните реформски приоритети за Република Македонија"**, документ на

Европската комисија од јуни 2015 година. Итните реформски приоритети кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија се однесуваат на следните области: владеење на правото и фундаменталните права, деполитизацијата на јавната администрација, слободата на изразување и изборната реформа. На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за одбрана, претставници од институции како и организации на граѓанското општество кои работат во областа на европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и од амбасади на земји-членки на ЕУ во Република Македонија.

На јавната расправа се обрати г.Фатмир Бесими, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, при што истакна дека Итните реформски приоритети се тесно поврзани со двата документи кои Европската комисија ги усвои неодамна - Стратегијата за проширување на ЕУ и Извештајот за Република Македонија за 2015 година. Владата на Република Македонија со засилено темпо работи на зголемување на степенот на реализација на препораките од Итните реформски приоритети кои се и предуслов за непречено организирање на парламентарани избори во 2016 година. Секретаријатот за европски прашања со цел непосредно да се запознае со статусот на реализација на активностите поврзани со Итните реформски приоритети, започнат е процес на остварување на институционални посети при што била остварена посета на Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи, а ќе следат посети на Државната изборна комисија, Министерството за правда, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители.

На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос на владеењето на правото и судството, парламентарниот надзор над следењето на комуникациите, регулаторните, контролни и надзорни тела, антикорупциските политики, деполитизацијата на јавната администрација, изборната реформа, слободата на изразување, како и за препораките на Комисијата за испитување за настаните во Собранието од 24.12.2012 година. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г-ѓа Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ермира Махмети, претседател на Комисијата за европски прашања, г. Димитар Стевананџија член на Советот, г.Горан Мисовски претседател на Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, г.Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, г.Самка Ибраимовски од ПЦЕР, г.Бојан Маричиќ од Македонски центар за европско образование, г-ѓа Фани Каранфиловска Паневска од Фондација отворено општество-Македонија, г-ѓа Билјана Бејкова од НВО Инфо центар и г. Миша Поповиќ од Институт за демократија "Societas civilis".

***Одржана средба од меѓународен карактер***

Во рамките на посетата на Република Македонија на г-ѓа Рене Џоунс-Бос, заменик-министер за надворешни работи на Кралството Холандија, на 29.10.2015 година се одржа средба со претседателот на Советот г-ѓа Лидија Димова, потпретседателот на Советот г.Илија Димовски и членовите г-ѓа Ермира Мехмети и г. Кенан Хасипи. Претседателот на Советот ја запозна г-ѓа Џоунс-Бос со составот и работата на Советот, изрази задоволство од средбата што е показател на одличната соработката меѓу двете држави. Заменик-министерот Џоунс-Бос посочи дека Кралството Холандија ја дели нашата загриженост во однос на евроинтеграциите, но и понатаму ќе остане наш поддржувач во пресрет на Холандското претседателство кое започнува од 01.01.2016 година. На средбата се разговараше за актуелната политичка ситуација во нашата земја, постигнатиот договор од јуни 2015, измените во законодавството, бегалската криза, како и за очекуваниот Извештај на ЕК за Република Македонија за 2015 година.

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ И ЈАВНИТЕ РАСПРАВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ, и организирани јавни расправи во периодот од 01.01.2015-31.12.2015 година.

Во предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуството на седниците и јавните расправи на членовите, замениците-членови и претставниците на НСЕИ, записници од одржаните седници и стенографските белешки.

Присуство на седници и јавни расправи на Националниот совет за евроинтеграции во 2015 година

| Активности / член / претставник | седници / 3 | | Јавни расправи / 4 | |
|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Присуство | Процент |
| Лидија Димова | 2 | 67% | 3 | 75% |
| Илија Димовски | 3 | 100% | 2 | 50% |
| Силвана Бонева / Димитар Стевананџија[5] | 3 | 100% | 3 | 75% |
| Александар Николоски[6] | 3 | 100% | 3 | 75% |
| Мирван Џемаили | 0 | 0% | 1 | 25% |
| Мерал Узеири Ферати | 2 | 67% | 2 | 50% |
| Солза Грчева | 3 | 100% | 4 | 100% |
| Васко Ковачевски | 2 | 67% | 2 | 50% |
| Ермира Мехмети[7] | 2 | 67% | 2 | 50% |
| Антонијо Милошоски[8] | 3 | 100% | 2 | 50% |
| Кенан Хасипи | 3 | 100% | 4 | 100% |
| Фатмир Бесими | 2 | 67% | 2 | 50% |
| Дарко Ангелов | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 3 | 100% | 1 | 25% |
| Владо Камбовски | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Жика Стојановски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Насер Селмани | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Антони Пешев | 2 | 67% | 1 | 25% |
| Данела Арсовска[9] | 3 | 100% | 3 | 75% |
| Живко Митревски | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Благоја Ралповски | 0 | 0% | 1 | 25% |
| Слободан Антовски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Бобан Митевски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Лулзим Хазири | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Шенази Мемеди | 2 | 67% | 4 | 100% |
| Павлина Манавска Христина Танчева[10] | 1 | 33% | 4 | 100% |
| Валентина Зафировска | 1 | 33% | 0 | 0% |

[5] На јавната расправа одржана на 24.12.2015 присуствува Димитар Стевананџија, член на Советот од 22.12.2015 година;
[6] На јавната расправа одржана на 24.12.2015 присуствува Лилјана Затуроска, заменик член на Советот;
[7] На IV седница одржана на 12.03.2015 присуствува Нора Алити, заменик-член на Советот;
[8] На 3 седници и 2 јавни расправи присуствува Светлана Карапетрова заменик-член на Советот;
[9] На IV, VI и VIII седница, и три јавни расправи присуствува Митко Алексов, заменик-претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија;
[10] На VI седница и 4 јавни расправи присуствува г-ѓа Христина Танчева, претставник од Евангелско-методистичка црква во Македонија од 25.11.2015 година.

Учество во дискусија на седници и јавни расправи на Националниот совет за евроинтеграции во 2015 година

| Активности / член / претставник | седници / 3 | | Јавни расправи / 4 | |
|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Лидија Димова | 2 | 67% | 3 | 75% |
| Илија Димовски | 3 | 100% | 1 | 25% |
| Силвана Бонева / Димитар Стевананџија[11] | 2 | 67% | 1 | 25% |
| Александар Николоски | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Мирван Џемаили | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Мерал Узеири Ферати | 2 | 67% | 1 | 25% |
| Солза Грчева | 2 | 67% | 1 | 25% |
| Васко Ковачевски | 0 | 0% | 1 | 25% |
| Ермира Мехмети[12] | 3 | 100% | 2 | 50% |
| Антонијо Милошоски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Кенан Хасипи | 1 | 33% | 1 | 25% |
| Фатмир Бесими | 2 | 67% | 2 | 50% |
| Дарко Ангелов | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 2 | 67% | 1 | 25% |
| Владо Камбовски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Жика Стојановски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Насер Селмани | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Антони Пешев | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Данела Арсовска | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Живко Митревски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Благоја Ралповски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Слободан Антовски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Бобан Митевски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Лулзим Хазири | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Шенази Мемеди | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Павлина Манавска Христина Танчева | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Валентина Зафировска | 0 | 0% | 0 | 0% |

[11] На јавната расправа одржана на 24.12.2015 во дискусија учествува Димитар Стевананџија, член на Советот од 22.12.2015 година ("Сл. Весник бр. 225/2015").
[12] На IV седница одржана на 12.03.2014 во дискусија учествува Нора Алити, заменик-член на Советот.

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Согласно член 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19.11.2007 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007) и член 21 од Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на 25.10.2011 година, стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Националниот совет за евроинтеграции ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ.

Секторот за поддршка на НСЕИ е формиран согласно Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија, како организациона единица во рамките на Службата на Собранието. Со Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија донесен во април 2015 година, утврдени се 12 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места.

Во периодот на изготвување на овој извештај, во Секторот за поддршка на НСЕИ вработени се 7 државни службеници: раководител на Сектор, раководител на Одделение за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот, 3 советници, еден виш соработник и еден самостоен референт.

### *Активности на Секторот за поддршка на НСЕИ*

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот, го следи процесот на европска интеграција, подготвува материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедува материјали за средбите од меѓународен карактер, за потребите на членовите и претставниците на Советот.

За организирање на седниците, јавните расправи и меѓународните средби на Советот одговорно е *Одделението за поддршка на работата на НСЕИ.* Ова одделение остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, ги ажурира седниците на НСЕИ во е-Парламент, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во Одделението се изготвуваат покани за седници, дописи до амбасадори на земји-членки на ЕУ, записници од одржани седници, се води грижа за аудио записите и стенографските белешки, се подготвуваат соопштенија за реализирани активности на Советот кои се објавуваат на Собраниската веб-страница.

*Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот* е одговорно за следење на процесот на европската интеграција, остварува соработка со Секретаријатот за европски прашања и со други државни органи, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со службеници од Комисијата за европски прашања, Секторот за меѓународна соработка (Мешовит парламентарен комитет РМ-ЕУ) и остварува соработка со

службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на цивилниот сектор. Ова одделение од 2009 година па наваму, го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку Матрица за степенот на усвојување на законодавството според НПАА, преку која редовно се следи динамиката на донесување на законите и усвојување на подзаконските акти.

***ЕУ центар на Собранието***

Преку ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", кој беше спроведен во Собранието од јануари 2011 до јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието, во рамките на Секторот за поддршка на НСЕИ. Целта на формирањето на ЕУ центарот беше на пратениците во Собранието и на Службата која работи во областа на евроинтеграциите, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања. За поголема ефективност на активностите во областа на европските прашања, ЕУ центарот од јули 2014 започна да издава електронска информативна публикација-*ЕУ вести*. Во текот на 2015 година ЕУ центарот издаде 11 месечни публикации на ЕУ вести. Електронската публикација беше доставена до сите пратеници, до членовите и претставниците на НСЕИ, и до Собраниската служба која работи во областа на евроинтеграциите/европските прашања.

***Процедури за работни процеси ИСО 9001:2008***

Во рамките на Проектот за имплементација на системот за управување на квалитет на јавните услуги и документирање на системот за управување со квалитет на јавните услуги, според МК-ЕН ИСО 9001:2008, кој беше спроведен во Собранието во 2014 година, одобрени се три процедури за работни процеси во Секторот за поддршка на НСЕИ и истите се спроведуваат.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (1 јануари - 31 декември 2015)**

Проштална средба со амбасадорот на Соединетите Американски држави во Република Македонија, **г. Пол Волерс** (15 јануари 2015);

Средба со претседателот на Собранието на Република Албанија, **г. Илир Мета** (20 јануари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Канада за Република Македонија со седиште во Белград**, г. Филип Пинингтон** (22 јануари 2015);

Учество на Четвртиот меѓународен форум "Let My People Live!" во Прага, Чешка Република по повод одбележување на 70 годишнината од победата над фашизмот и ослободувањето од логорите на смртта во Европа (од 26 до 27 јануари 2015).

Средба со претседателот на Народното собрание на Република Србија, **г-ѓа Маја Гојковиќ** (12 февруари 2015);

Средба со Делегација на парламентарната група за соработка меѓу Германија и Југоисточна Европа при Бундестагот (12 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија, г**. Мирослав Рамеш** (13 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Канада, **г. Тони Димовски** (13 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, **г. Омур Солендил** (13 февруари 2015);

Средба со претседателот на Владата на Република Србија, **г. Александар Вучиќ** и членови на Владата (16 февруари 2015);

Средба со комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување на ЕУ**, г. Јоханес Хан** (17 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Џес Бејли** (17 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамарич** (18 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија, **г. Сашо Марковски** (20 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Индија во Република Македонија со седиште во Софија, **г. Раџеш Кумар Сачдева** (27 февруари 2015);

Прием по повод Национален ден на Република Бугарија во хотел Александар Палас (03 март 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација, **г. Гоце Карајанов** (09 март 2015);

Прием по повод Национален ден на Грција во Канцеларијата за врски (25 март 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Соединетите Мексикански Држави во Република Македонија со седиште во Белград, **г. Хосе Еваристо Рамон Шилоти Рамирес** (27 март 2015);

Средба со амбасадорот на Украина во Република Македонија, **г. Гончарук Јурик** (1 април 2015);

Средба со министерот без ресор во Владата на Република Македонија, **г. Неждет Мустафа** и делегација од Република Турција (9 април 2015);

Конференција на претседатели на парламенти од Европската унија во Рим, Италијанска Република (од 20 до 21 април 2015);

Средба со Делегација на Мониторинг Комисијата на Парламентарно собрание на Советот на Европа (28 април 2015);

Средба со Делегација од Комисијата за Демократско Партнерство (ХДП) од Конгресот на Соединетите американски држави (4 мај 2015);

Средба со амбасадорот на Унгарија во Република Македонија**, г. Јожеф Бенце** (15 мај 2015);

Прием по повод годишнината од роденденот на **Кралицата Елизабета II** во ресторан Ден и ноќ (16 јуни 2015);

Прием по повод национален празник на Република Словенија во хотел Александар Палас (23 јуни 2015);

Проштална средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамариќ** (26 јуни 2015);

Прием по повод национален празник на Република Хрватска во ресторан Пантелејмон (30 јуни 2015);

Прием по повод годишнината од независноста на Соединетите Американски Држави (2 јули 2015);

Проштална средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г. Здравко Беговиќ** (6 јули 2015);

Прием по повод национален празник на Француската Република (14 јули 2015);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмунд Гарет** (24 јули 2015);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија**, г. Чарлс Едмунд Гарет** (13 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Албанија во Република Македонија, **г. Фатос Река** (21 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, **г-ѓа Данијела Баришиќ** (27 август 2015);

Прием по повод Денот на победата на Република Турција во хотел Холидеј Ин (31 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Австрија во Република Македонија, **г-ѓа Ренате Коблер** (10 септември 2015);

Средба со шефот за Западен Балкан и проширување од Канцеларијата за надворешни и прашања од Комонвелтот**, г-ѓа Фиона Мекилвам** во придружба на амбасадорот на Кралството Велика Британија и Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмонд Гарет** (14 септември 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија, **г. Вилем Ваутер Пломп** (16 септември 2015);

Средба со амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Џес Бејли** (16 септември 2015);

Средба со амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија, **г. Мирослав Рамеш** (16 септември 2015);

Прием по повод 66 годишнина од основањето на Народна Република Кина во хотел Александар Палас (29 септември 2015);

Прием по повод Денот на германското единство во хотел Александар Палас (2 октомври 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г-ѓа Лепа Бабиќ** (14 октомври 2015);

Средба со амбасадорот на Грција во Република Македонија, **г. Харис Лалакос** (14 октомври 2015);

7-ма Конференција на претседатели на Парламенти на земјите од Западен Балкан во Будимпешта, Унгарија (16 октомври 2015);

Прием по повод Национален ден на Чешката Република во Галеријата на НЛБ Тутунска Банка (20 октомври 2015);

Прием по повод Национален ден на Унгарија во хотел Холидеј Ин (22 октомври 2015);

Прием по повод 92-та годишнина од основањето на Република Турција во хотел Александар Палас (29 октомври 2015);

Официјална посета на претседателот на Домот на пратеници на Парламентот на Чешката Република, **г. Јан Хамачек** (4 декември 2015);

Вечера во амбасадата на Народна Република Кина (22 декември 2015);

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (1 јануари - 31 декември 2015)**

Средба со поранешен Директор во Директоратот за проширување на Европската комисија, **г. Рајнхарт Прибе** и група експерти од Европската комисија (4 мај 2015);

Пролетна сесија на Парламентарното собрание на НАТО, во Будимпешта, Унгарија (18 мај 2015);

Пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, во Тирана, Република Албанија (од 22 до 23 мај 2015);

Средба со специјалниот претставник на Парламентарното собрание на ОБСЕ за Југоисточна Европа**, г. Роберто Бателли** и амбасадорот **Андреас Нотеле,** специјален претставник на Парламентарното собрание на ОБСЕ во Виена (4 јуни 2015);

Средба со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, **г-ѓа Нина Суомалаинен** (10 септември 2015);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав,** по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015 година (10 ноември 2015);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (1 декември 2015);

Обраќање на отворањето на Седницата на Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централно Европската Иницијатива (10 декември 2015);

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (1 јануари - 31 декември 2014)**

Присуство на Света Божествена Литургија по повод Божиќ во Соборен храм „Свети Климент Охридски" (7 јануари 2015);

Трета седница на Уставната комисија на Собранието на Република Македонија (9 јануари 2015);

Традиционален божиќен ручек и имендден кај поглаварот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Архиепископ Охридски и Македонски **г. г. Стефан** во резиденцијата на Архиепископот (9 јануари 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (19 февруари 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во декември 2014 година (26 јануари 2015);

Свечена академија по повод 70 години од Првиот црковно-народен собор за возобновување на Македонската православна црква во Музеј на македонската борба за државност и самостојност (3 март 2015);

Панихида за учесниците на Првиот црковно-народен собор во Соборен храм „Св. Климент Охридски" (4 март 2015);

Свечена академија по повод Меѓународниот ден на Ромите, во организација на Сојузот на ромите, во МНТ (8 април 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Државната комисија за спречување на корупцијата (15 април 2015);

Интервју во МТВ за емисијата „Акцент" (16 април 2015);

Свечена прослава по повод осветување на конаците во Бигорски Манастир (26. април 2015);

Обраќање по повод одбележување 110 години од смртта на Никола Карев (27 април 2015);

Традиционален народен собир по повод Денот на крстот во с. Кучково (1 мај 2015);

Обраќање на отворањето на Парламентарниот комитет во рамките на Парламентарната димензија на Централно Европската Иницијатива (20 мај 2015);

Обраќање по повод поставување на камен темелник на повеќенаменско спортско игралиште во населбата Даме Груев во општина Ѓорче Петров (18 јуни 2015);

Присуство на погребот на поранешниот претседател на Република Турција, **г. Сулејман Демирел** во Анкара (19 јуни 2015);

Присуство на прослава по повод 25 годишнина од основањето на ВМРО-ДПМНЕ (20 јуни 2015);

Обраќање на свечено отварање на Балканскиот фестивал на народни песни и игри во Охрид (6 јули 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во јуни 2015 година 09 јули 2015);

Ифтар вечера за пратениците во Собранието на Република Македонија во Мал свечен салон (9 јули 2015);

Отварање на Охридско лето (12 јули 2015);

Обраќање по повод 2 Август - Илинден, Пелинце (2 август 2015);

Присуство на централна прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ (18 август 2015);

Работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (25 август 2015);

Одбележување на соработката меѓу Собранието на Република Македонија и Вестминстер фондацијата за демократија (31 август 2015);

Обраќање на свечен прием - коктел по повод 8-ми Септември - Ден на независноста во Кристална сала (7 септември 2015);

Присуство на свечена академија по повод 8-ми Септември - Ден на независноста, во Македонски народен театар (8 септември 2015);

Присуство на хуманитарна акција во Амбасадата на САД во Скопје (11 септември 2015);

Средба со генералниот секретар на Црвен крст на Република Македонија, **г. Саит Саити** (17 септември 2015);

Присуство на свечено отварање на нова телевизија „21" (21 септември 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (25 септември 2015);

Обраќање по повод одбележување на 70 години јубилеј на АМСМ, во Македонски народен театар (25 септември 2015);

Присуство на прослава по повод одбележување на Меѓународниот ден на Бошњаците, во хотел Холидеј ин (28 септември 2015);

Присуство на свечен коктел по повод роденденот на Канал 5 телевизија во ТЦЦ Гранд Плаза (7 октомври 2015);

Доделена Плакета по повод 65-годишнината од работата на Националната установа Турски театар - Скопје во знак на благодарност за досегашната поддршка (8 октомври 2015);

Присуство на свечена церемонија по повод 10-годишнината од основањето на ЛУКОИЛ Македонија во Македонски народен театар (09 октомври 2015);

Обраќање на свечена академија по повод одбележување на 11 Октомври - Денот на народното востание во Македонски народен театар (10 октомври 2015);

Присуство на Свечена академија по повод одбележување на 23 Октомври - Денот на Македонската Револуционерна Борба во Македонска опера и балет (23 октомври 2015);

Обраќање на свечена академија по повод 70-годишнината од основањето на Врховен суд на Република Македонија (29 октомври 2015);

Потпишување во Книга на жалост во Амбасадата на Руската Федерација (3 ноември 2015);

Потпишување во Книга на жалост во Амбасадата на Француската Република (16 ноември 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе од 29 септември до 5 октомври 2015 година, Кабинет на претседателот (23.11.2015 год.);

Обраќање по повод одбележување на 20 години полноправно членство на Црвениот крст на Република Македонија во Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвена полумесечина (27 ноември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, г. Сашо Василевски (7 декември 2015);

Свечена академија по повод 8 декември „Св. Климент Охридски" во Музејот на мекедонската борба (7 декември 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (15 декември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија (17 декември 2015);

Свечена миса по повод католички Божиќ во Катедралата „Пресвето Срце Исусово" (24 декември 2015);

Ручек по повод католички Божиќ во новата Бискупска резиденција (25 декември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, **г-ѓа Јасна Жежова** и **г. Љубомир Јовески** (29 декември 2015);

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2015);

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

Собранието има тројца потпретседатели и тоа Антонио Милошоски од ВМРО-ДПМНЕ, Рафиз Алити од ДУИ и Рената Дескоска од СДСМ.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

## ➢ Потпретседател Антонијо Милошоски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија редовно учествува на координациите на Собранието на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните активности на Собранието, како и прашања од значење за унапредување на работата на Собранието и работните тела.

Редовно учествува на состаноците на Претседателството на Собранието на Република Македонија на кои се планира динамиката на седниците на Собранието и активностите на работните тела и се одлучува за прием на странски делегации и за испраќање на делегации во странство.

Редовно учествува на пленарните седници на Собранието на Република Македонија.

Како претседател на Комисијата за надворешна политика, претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, член на Комисијата за европски прашања, член на Националниот совет за евроинтеграции, член на Комитет за односи меѓу заедниците, заменик-член на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците има земено активно учество во работата на споменатите и други работни тела.

Претседател е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на СР Германија, а член на пратеничката група за соработка со парламентите на балтичките земји Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, пратеничката група за соработка со Парламентот на Словачката Република и пратеничка група за соработка со Парламентот на Јапонија.

Член е на Делегацијата во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Редовно присуствува на надзорни и јавни расправи организирани од комисиите во Собранието на Република Македонија.

***2.Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Средба со потпретседателот на Парламентот на Нов Јужен Велс, Австралија, Џон Фредерик Најл,
- Средба со Томаш Јирса, член на Парламентот на Чешката Република,
- Средба со потпретседателот на косовското Собрание, Дуда Балје,
- Средба со претседателот на Комисијата за надворешни работи и одбрана на Норвешкиот парламент, Аникен Хуитфелдт и пратеникот Асмунд Аукрсустс,
- Средба со претседателот на Народното Собрание на Република Србија, Маја Гојковиќ,
- Средба со амбасадорот на СР Германија, Кристине Д. Алтхаузер,
- Средба со амбасадорот на САД, Џес Бејли и
- Средба со амбасадорот на Француската Република, Лоранс Оер.

***3.Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Интерпарламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 4 до 6 март 2015 во Рига, Летонија,
- Конференција на претседатели на комисии за надворешна политика која што во рамките на процесот на соработка со земјите на Југоисточна Европа се одржа во Тирана, Албанија од 12 до 13 март 2015,

- Шестиот состанок на комисиите за надворешни работи на парламентите на земјите од Југоисточна Европа, одржан во Белград, Република Србија од 15 до16 април 2015,
- Светскиот Самит за "Мир, безбедност и човечки развој" одржан во периодот од 27 до 31 август 2015 во Сеул, Јужна Кореја, во организација на Универзалната Мировна Федерација,
- Конференција на комисиите за европски прашања на земјите од Медитеранот одржана на 26 октомври 2015 во Фиренца, Италијанската Република,
- Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) - регионални синергии, стратегиска соработка и парламентарна дипломатија и седница на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, што се одржаа од 5 до 7 ноември 2015 во Софија, Република Бугарија.
- Меѓународна конференција и седница на Постојаниот комитет на ПС на ПС ЈИЕ одржани од 5 до 7 ноември 2015 во Тирана, Република Албанија и
- Состанок на Делегација на Собранието Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација оддржан од 3 до 4 декември 2015 во Скопје.

## ➢ Потпретседател Рафис Алити

Рафис Алити, потпретседател на Собранието на Р.Македонија доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија.

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во работата Комисијата за уставни прашања, комисија за политички систем и однос меѓу заедниците, комисија за оброзование, комиција за наука и спорт и како заменик член на комисија за култура, комисија за прашањата на изборите и именувањата. Потпретседателот има земено учество на сите комиси во работата и на седниците на други работни тела.

Активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот институт.

***1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Средба со група пратеници од Собранието на Република Албанија;
- Средба со амбасадорот Џес Бејли;
- Средба со претседателот на Албанскиот Парламент г. Илир Мета Средба со група пратеници од Косово и
- Средба со г-дин Јан Хамачек – претседател на Долниот дом на Парламентот на Република Чешка.

***2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Учество во Семинарот организиран од ЕУ- Преставници во Будва (од 10 до 12 јуни 2015);
- Учество и одржан говор пред дипломирани Студенти од седмата генерација на Универзитетот "ИНТЕРНАЦИОНАЛ" во Струга (4 октомври 2015) и
- Учество во Седница на Парламентарно СОбрание на Парлментарната димензија на ЦЕИ во Скопје (од 9 до 11 декември 2015).

## ➢ Потпретседател Рената Дескоска

Проф. д-р Рената Дескоска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата СДСМ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија редовно учествува на координациите на Собранието на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните активности на Собранието, како и прашања од значење за унапредување на работата на Собранието и работните тела.

Редовно учествува на состаноците на Претседателството на Собранието на Република Македонија на кои се планира динамиката на седниците на Собранието и активностите на работните тела и се одлучува за прием на странски делегации и за испраќање на делегации во странство.

Претседател на Советот на Собранискиот канал, член на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, член на Комисијата за уставни прашања, член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, заменик член на Националниот совет за евроинтеграциим, заменик член на Постојана анкетна комисија заа заштита на слободите и правата на граѓанинот, заменик член на Комисијата за образование, наука и спорт.

Шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ), Член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ) и Претседател на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија.

1. ***Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Амбасадорот на Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска Н.Е. г. Чарлс Едмунд Гарет;
- Амбасадорот на САД Н.Е. г. Џес Бејли;
- Амбасадорот на Белгија Н.Е. г. Аник Ван Калстер;
- Амбасадорот на Република Полска Н.Е. г. Јацек Стефан Мултановски;
- Амбасадорот на Република Украина Н.Е. г. Јурик Гончарук и
- Шеф на Секторот за Западен Балкан и проширување на Канцеларијата за надворешни прашања и Комонвелт г-ѓа Фиона Мекилвам.

**2. Учество на конференции и други меѓународни средби**

- Посета на Парламентот на Чешка;
- Посета на Парламентот на Словачка;
- Интерпарламентарен семинар за улогата на Народниот правобранител во Брисел од 18 до 19 ноември 2015 година.
- Средба со Делегација на Меѓународен секретаријат со Парламентараното собрание на ОБСЕ и
- Средба со претставници на Социјалдемократската младина на Финска.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 мај 2014 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на ПСЈИЕ и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ, и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 јули 2014 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно коориднирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г-ѓа Рената Десковска, г-ѓа Ермира Мехмети Деваја
**Заменици-членови:** г. Владимир Ѓорчев, г. Стефан Богоев и г. Имер Алиу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.
- 

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Севетот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 членови, од кои 318 се членови, а 318 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Од 26 до 30 јануари 2015 година во Стразбур, Француската Република, се одржа редовната зимска сесија на ПС на СЕ, на која учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети и г. Владимир Ѓорчев, членови на Делегацијата и секретарот на Делегацијата, г-ѓа Марија Стефанова.

На 7 март 2015 г. во Париз, Француската Република, се одржа состанок на Постојаниот комитет на ПС на СЕ, на кој учествуваше г.Александар Николоски, шеф на Делегацијата.

На 16 март 2015 година во Париз, Француската Република, се одржа состанок на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ, на кој учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата.

На 26 и 27 март 2015 година во Истанбул, Република Турција, се одржа семинар на тема: „Избрани тела: транспарентност во функционирањето и отчетност", на кој учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ и потпретседател на ПС на СЕ.

Од 20 до 24 април 2015 година во Стразбур, Француската Република, се одржа Пролетната сесија на ПС на СЕ , а на неа учествуваа г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата и г. Имер Алиу, заменик на член, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Во официјална посета на Република Македонија на 28 и 29 април 2015 г. престојуваше Делегација на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа во состав: г.Стефан Шенах, претседател на Мониторинг Комисијата, г.Роберт Валтер, известител на пост-мониторинг дијалогот со Република Македонија и г.Андреас Грос, претседател на Групата на социјалисти на ПС на СЕ.

На 27 и 28 мај 2015 г. во Париз, Француската Република, се одржа состанок на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ, на кој учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата.

Од 16 до 18 јуни 2015 г. во Лондон, Обединетото Кралство, на средби со пратеници и претставници на Министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата.

Од 22 до 26 јуни 2015 г. во Стразбур, Француската Република, се одржа летната сесија на ПС на СЕ, на која учествуваа: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети, член на Делегацијата и г. Владимир Ѓорчев, заменик-член, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На 3 и 4 септември 2015 г. во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа состанок на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ, на кој учествуваа г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на ПС на СЕ и г-ѓа Ермира Мехмети, член на Делегацијата.

Од 19 до 23 септември 2015 г. во Предизборна мисија на ПС на СЕ за набљудување на парламентарните избори во Азербејџан учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата.

Од 28 септември до 2 октомври 2015 г. во Стразбур, Француската Република се одржа есенската сесија на Парламентарното

собрание на Советот на Европа, на која учествуваше шефот на Делегацијата, г. Александар Николоски во придружба на секретарот на Делегацијата г-ѓа Марија Стефанова.

Шефот на Делегацијата г. Александар Николоски, учествуваше во Изборна мисија на ПС на СЕ за набљудување на парламентарните избори во Азербејџан од 29 октомври до 2 ноември 2015 г.

Од 22 до 26 октомври 2015 г. во изборна мисија на ПС на СЕ за набљудување на локалните избори во Украина учествуваше г. Имер Алиу, заменик член на Делегацијата.

Во изборна мисија на ПС на СЕ за набљудување на предвремените парламентарни избори во Турција од 29 октомври до 2 ноември 2015 г. учествуваше г. Имер Алиу, заменик член на Делегацијата.

На семинарот за секретарите на националните делегации во ПС на СЕ, што се одржа од 13 до 15 декември 2015 г.во Лондон, Обединетото Кралство, учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рената Дескоска

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Беким Фазлиу

**Заменици-членови:** г. Димитар Стеванаџија, г-ѓа Софија Куновска и г. Џеват Адеми

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

**Главни задачи** на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и

Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

На Дваесет и четвртата годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа од 5 до 9 јули 2015 г. во Хелсинки, Република Финска, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во состав г. Владимир Ѓорчев и Беким Фазлиу, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На Есенската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа од 15 до 18 септември 2015 г. во Улан Батор, Монголија, учествуваше г. Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 15 декември 2015 г. Делегацијата на Меѓународниот секретаријат на ПС на ОБСЕ во состав Густаво Палaрес, заменик генерален секретар, Семјон Џакаев, заменик генерален секретар и Одил Леларж, координатор за конференции остварија посета на Република Македонија.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Илија Димовски,
г. Талат Џафери г. Горан Сугаревски
и г. Имер Алиу

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 166 национални парламенти и 10 меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ: поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на

Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Јулијана Силјановска
**Членови:** г. Емил Димитриев и г. Мирван Џемаили
**Заменици-членови:** г. Сашо Василевски, г-ѓа Лилјана Затуроска и г. Газменд Алији

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

Од 19 до 21 мај 2015 г., во Скопје, Република Македонија, во рамките на македонското претседавање со ЦЕИ, се одржа состанок на Парламентарниот комитет на ПД на ЦЕИ.

Од 8 до 10 ноември 2015 г. во Трст, Италија, се одржаа состаноци на Постојаните комитети на ПД на ЦЕИ, на кои учествува пратениците: г-ѓа Јулијана Силјановска, шеф на Делегацијата и г-ѓа Лилјана Затуроска, заменик член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Од 9 до 11 декември 2015 г. во Собранието на Република Македонија се одржа седница на Парламентарното собрание на ПД на ЦЕИ

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа. Ермира Мехмети

**Членови:** г. Горан Сугаревски и г. Павле Трајанов

**Заменици-членови:** г. Емил Димитриев, г.Дуфе Кукоски и г. Ернад Фејзулаху

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици на членови.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

На пролетната сесија на ПС на НАТО, што се одржа од 15 до 18 мај 2015 г. во Будимпешта, Унгарија, учествуваше пратеникот г. Павле Трајанов, член на Делегацијата во придружба на г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Од 31 март до 2 април 2015 година во Белград, Република Србија, се одржа РОС-РОТ семинарот на ПС на НАТО на кој учествуваа пратениците г. Павле Трајанов, член на Делегацијата, Емил Димитриев, заменик член, како и секретарот на Делегацијата г. Реџеп Прекопуца.

Од 9 до 12 октомври 2015 г. во Ставангер, Кралството Норвешка, се одржа есенската сесија на ПС на НАТО, на која учествуваа: г.Павле Трајанов, член на Делегацијата, г.Горан Сугарески, член на Делегацијата и г.Емил Димитриев, заменик-член, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Џеват Адеми
**Членови на Делегацијата**, г. Кенан Хасипи и г-ѓа Мерал Узеири Ферати.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001

година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има четири члена, а на Бирото на Секцијата брои пет членови.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Од 7 до 10 јули 2015 година во Берн, Швајцарската Конфедерација, се одржа Четириесет и првата сесија на ПСФ. На оваа годишна сесија учествуваше претседателот на секцијата на ПСФ, г. Џеват Адеми и секретарот на Делегацијата, г. Лиман Авдиу.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Кенан Хасипи

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија - РМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

На 28 и 29 мај 2015 г. во посета на Република Македонија престојуваше г.Алојз Петерле, европратеник и Ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија, при што оствари средби со: г.Кенан Хасипи, Ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија, со членови на Мешовитиот комитет, со претседателот на Владата на Република Македонија и со лидерите на четирите најголеми политички партии во Република Македонија.

На 21 и 22 јули 2015 г. во посета на Република Македонија престојуваше Делегација на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија, од страната на Европскиот парламент, предводена од г.Алојз Петерле, Ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија, и двајцата заменици-потпретседавачи г.Сергеј Станишев и г.Ангел Џамбаски.

На 3 и 4 декември 2015 г. во Собранието на Република Македонија се одржа 13.состанок на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г.Крсто Мукоски
**Членови:** г-ѓа Даниела Рангелова и г. Енес Ибраим
**Заменици-членови:** г. Џеват Адеми, г. Јамин Синани и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка на Медитеранот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација.

Земји-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република

Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 спетември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот.

Парламентарното Собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно, кога се состануваат и трите постојани комитети и специјалните работни групи.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

Во заедничка организација на Парламентарното собрание на Медитеранот, Европската унија, ОН и Парламентот на Романија на 8 и 9 октомври 2015 г. во Букурешт, Романија, се одржа Регионална работилница на тема: „Предизвиците од превентивниот кривично-правен одговор на тероризмот и странските воени платеници", на која учествуваше пратеникот г.Јамин Синани, заменик-член на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Трајко Вељаноски
**Членови:** г.Антонио Милошоски, г-ѓа Софија Куновска, г.Рафиз Алити и г. Ернад Фејзулаху
**Заменици-членови:** г-ѓа Ане Лашкоска, г.Љубомир Јосифовски, г. Артан Груби и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) е основано на 10 мај 2014 година, во Букурешт, Романија. Од тој момент, дотогашната парламентарна димензија со годишни Конференции на претседатели на парламенти на земјите членки на ПСЈИЕ се транформираа во постајно парламентарно собрание.

Членки на ПС ПСЈИЕ се националните парламенти на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија и Турција.

Основни цели на Парламентарното собрание се:

- иницирање на различни форми на размена на искуства од областа на законодавството;
- хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ;
- координација на практиките и ставовите во однос на владината димензија и јакнењето на дијалогот со цивилното општество;
- остварување на улогата на чадор за постигнување на синергија во активностите на регионални иницијативи и форми на соработка поврзани со: економијата, инфраструктурата и енергијата; правдата, внатрешните работи и безбедносна соработката; социјалниот развој, образованието, истражувањето и науката;
- поттикнување, следење и набљудување на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство на ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за трансформација на политичките декларации и одлуки во конкретни проекти и програми и
- јакнење на парламентарните дипломатски активности и врски со регионалните, европските и меѓународни организации, иницијативи и фондации.

Парламентарното собрание има три постојани комитети: Комитет за економија, инфраструктура и енергија, Комитет за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка и Комитет за социјален развој, образование, истражување и наука. Претседателите на комитетите се избираат од редовите на членовите на постојаните делегации, а парламентите од каде што доаѓаат ги организираат состаноците на комитетите. Во рамките на парламентарното собрание функционира ад-хок Работна група за процесот на институционализација на ПС на ПСЈИЕ, составена од пратеници и парламентарни службеници, во својство на национални координатори.

ПС ПСЈИЕ функционира според принципот на ротација на едногодишни претседателства, каде сите одлуки од политички карактер се донесуваат со консензус. Значаен исчекор кон создавањето на условите за формирање на Парламентарното собрание на Процесот, беше постигнат за време на Македонското претседателство со ПСЈИЕ (јуни 2012 - јуни 2013).

Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија од 28 мај 2014 година, се основаше првата Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС ПСЈИЕ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија, четири члена и нивни заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година**

На седницата на Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, што се одржа на 9 и 10 февруари 2015 г. во Истанбул, Република Турција учествуваа г. Артан Груби, заменик член на Делегацијата и г. Иван Петрушевски, национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На седницата на Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија, што се одржа на 20 и 21 март 2015 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше г-ѓа Ане Лашкоска, заменик член на Делегацијата и г. Иван Петрушевски, национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На Втората пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 22 и 23 мај 2015 година во Тирана, Република Албанија, учествуваше Делегацијата на Собранието предводена од г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ПСЈИЕ и г. Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието и член на Делегацијата во ПС на ПСЈИЕ, како и г. Никола Тодоровски, поранешен државен советник во Собранието на РМ, г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ, г-ѓа Вјолца Бајрами, помлад соработник во Кабинетот на претседателот на Собранието и г-ѓа Беса Дрндар, преведувач.

На Меѓународната конференција на тема: „ПС на ПСЈИЕ – регионални синергии, стратегиска соработка и парламентарна дипломатија" и седницата на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, сшто е одржаа од 5 до 7 ноември 2015 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше г. Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на Делегацијата во Парламентарното собрание на ПСЈИЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛА

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија на 20 јануари 2015 г. остварија средба со г. Илир Мета, претседател на Собранието на Република Албанија.

На 12 февруари 2015 г. Делегација на Парламентарната група за соработка меѓу Германија и Југоисточна Европа при Бундестагот оствари заедничка средба со претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија и Комисијата за надворешна политика, како и со Комисијата за европски прашања.

На 12 февруари 2015 г. во официјална посета на Република Македонија престојуваше г-ѓа Маја Гојковиќ, претседателот на Народното Собрание на Република Србија, при што оствари работна средба со претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Србија.

На 19 март 2015 г. во Собранието на Република Македонија се оствари средба на претседателот и членови на Пратеничката група за соработка со парламентот на Народна Република Кина со Н.Е Вен Џеншун, Амбасадор на НР Кина во Република Македонија.

На 2 јули 2015 година претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Народна Република Кина, г-ѓа Силвана Бонева оствари средба и даде интервју на претставници на медиумите на провинцијата Далијан, Народна Република Кина.

На 14 и 15 јули 2015 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше г. Филип Дирон, претседател на Групата за пријателство Франција-Македонија од Националното Собрание на Француската Република, при што оствари средба со членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Француската Република.

На 23 август 2015 година, претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Австралија оствариja средба со г. Фредерик Џон Наил, потпретседател на Парламентот на Нов Јужен Велс.

На 17 септември 2015 г. г-ѓа Рената Дескоска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, оствари средба со г. Џес Бејли, Амбасадор на САД во Република Македонија.

На 5 октомври 2015 г. г. Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија и претседател на Комисијата за надворешна политика, г. Антонијо Милошоски, оствари средба со г. Томаш Јирса, заменик-претседател на Комисијата за надворешни работи, одбрана и безбедностна Сенатот на Чешката Република.

На 26 октомври 2015 година потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Рената Дескоска оствари средба со амбасадорот на Република Полска во Република Македонија г. Јацек Мултановски.

На 2 ноември 2015 година претседателот и членови на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република остварија средба со Н.Е. г-ѓа Лоранс Оер, Амбасадор на Француската Република во Република Македонија.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, на 4 декември 2015 г. во Собранието на Република Македонија претседателот и членовите на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република остварија средба на со делегација од Парламентотот на Чешката Република, предводена од г. Јан Хамачек, претседател на Домот на пратеници на Парламентот на Чешката Република.

# 6.3. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

На 2 септември 2014 година во Собранието на Република Македонија потпретседателот на Собранието, г. Антонијо Милошоски оствари средба со г. Франклин де Фриз, експерт на Европската комисија.

**Европски парламент**

Од 4 до 6 февруари 2015 г, во Анкара, Република Турција, се одржа Интер-парламентарен семинар на тема: "Енергетска сигурност, енергетска ефикасност и поврзаност на земјите од Западен Балкан и Турција", на кој учествуваше делегација од Собранието на Република Македонија во состав: г. Љупчо Димовски претседател на Комисијата за економски прашања, г. Крсто Мукоски претседавач на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Солза Грчева и г-ѓа Каљтрина Азизи, членови на делегација, во придружба на г.Данчо Јаневски, раководител на одделение во Секторот за работни тела.

На 4 и 5 март 2015 г. во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Интерпарламентарна Конференција на тема: "Политичкото учество на жените во Западен Балкан и Турција," и на Интерпарламентарниот состанок: ,,Зајакнување на положбата на жените и девојки преку образование" на кои учествува пратениците: г-ѓа Лилјана Поповска, претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, г-ѓа Лилјана Кузмановска, заменик претседател, г-ѓа Шпреса Хадри, член и г-ѓа Солза Грчева, член на Комисијата за европски прашања како и г-ѓа Ана качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка.

На 23 и 24 март 2015 г. во Брисел, Кралството Белгија, се одржа семинар на тема:,,Развивање на политичката култура и унапредување на политичкиот дијалог кон одржлива демократија" на кој учествуваа пратениците г. Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, г. Имер Алиу и г-ѓа Лубица Буралиева, пратеници, г.Жарко Денковски, Генерален секретар на Собранието на Република Македонија и г. Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

На Интерпарламентарната конференција на тема: „На патот кон независен и современ судски систем на земјите во процесот на пристапување кон Европската унија", што во организација на Европскиот парламент, а во соработка со Парламентот на Црна Гора, се одржа на 18 и 19 јуни 2015 година во Будва, Црна Гора, учествуваше собраниска делегација од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, во состав: г. Владимир Ѓорчев, претседател на Комисијата, членовите г. Емил Димитриев и г. Рафиз Аљити, како и заменик-членот, г. Беким Фазлиу, во придружба на г-ѓа Габрела Збиљиќ, советник на Комисијата.

На Интерпарламентарна конференција на тема "Јавниот сервис и парламентите", што се одржа од 23 до 25 септември 2015 г. во Загреб, Република Хрватска, учествуваше делегација од Собранието на Република Македонија во состав: г. Реџаиљ Исмаили, претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија и г-ѓа Лилјана Затуроска,

член на Комисијата за транспорт, врски и екологија. Од службата на Собранието на Република Македонија присутен беше г.Данчо Јаневски, раководител на одделение во Секторот за работни тела.

Од 14 до 16 октомври 2015 г. во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа Парламентарна Конференција на тема: "Економско управување и креирање на работни места во Европска Унија и во земјите на проширување". На конференцијата учестваше г. Талат Џафери, пратеник и член на Комисијата за финансирање и буџет и г-ѓа Василка Илиевска, раководител на Одделението во секторот на работни тела.

На 22 октомври 2015 г. во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Годишниот состанок на координаторите во националните парламенти, на кој учествуваше г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка.

Во организација на Европскиот парламент, а во соработка со Европскиот народен правобранител, на 18 и 19 ноември 2015 година, во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Интерпарламентарен семинар на тема „Улогата на народниот правобранител во модерната парламентарна демократија: регионална перспектива". На семинарот учествуваше Делегација од Собранието на Република Македонија во состав: г. Владимир Ѓорчев, претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, г. Емил Димитриев, г. Ернад Фејзула, и г-ѓа Рената Дескоска, членови на Комисијата, во придружба на г-ѓа Габриела Збиљиќ, советник на Комисијата.

Во организација на Европскиот парламент, од 8 до 10 декември 2015 г., во Брисел, Кралство Белгија, се одржа семинар на тема: "Реформи од 2013 година на Заедничката земјоделска политика: импликации за земјите од проширувањето". На семинарот учествуваше делегација од Собранието на Република Македонија во состав г. Сашо Поцков, заменик-претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Никола Мицевски, г. Реџаиљ Исмаили, членови на Комисијата и г. Газменд Алији заменик-,член на Комисијата, во придружба на г. Данчо Јаневски, Раководител на одделение во Секторот за работни тела.

**Студиски посети**

Во рамките на билатералната соработка со Националното собрание на Француската Република, делегација од пет државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија во состав: г. Љатиф Љатифи, раководител на Секторот за седници, г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Наде Кочовска, соработник во Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Ана Климовска, советник на Комисијата за здравство и г-ѓа Елена Давчева, советник на Комисијата за култура, оствари студиска посета на Националното собрание и Сенатот на Француската Република од 23 до 27 март 2015 година.

# 7.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

# 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




# 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при функционирањето на Посебната организациона единица-Парламентарен институт во Собранието на Република Македонија.

### **2.Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во Собранието на Република Македонија.**

Оваа ревизија беше реализирана согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2015 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 41-6065/1 од 23.12.2015. Истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при користење на услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во Собранието на Република Македонија.

**3.Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирање на Парламентарната мрежа за комуникација со граѓаните ( Канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните)**

Оваа ревизија е составе дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2015 година и нејзината релизација е во тек.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при функционирање на Парламентарната мрежа за комуникација со граѓаните ( Канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните) во Собранието на Република Македонија.

**4.Ревизија на следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Измената на Годишниот план за 2014 година**

Оваа ревизија беше извршена согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2015 година, а со ревизијата беше опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Измената на годишниот план за внатрешна ревизија за 2014 година.

За спроведената ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Македонија за бројот на спроведени односно неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Македонија.

## 10.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на административните службеници.

Основна задача на Одделението е да обезбеди ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, да учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и другите вработени во институцијата, да ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со ефектот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и да врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | **4** | - | - | - | 4 |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **7** | 2 | 5 | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | **17** | 3 | 8 | 6 | - |
| *Државни советници* | **8** | 8 | - | - | - |
| *Законодавно правен сектор* | **8** | - | 7 | 1 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | **13** | 4 | 7 | 2 | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **46** | 8 | 37 | 1 | - |
| *Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација* | **13** | 3 | 10 | | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **6** | 2 | 3 | 1 | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **7** | 2 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **17** | 4 | 3 | 10 | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | **12** | 1 | 1 | 10 | - |
| *Сектор за преведување* | **22** | 4 | 11 | 7 | - |
| *Сектор за стручни и административни работи* | **78** | 3 | 3 | 40 | 32 |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | **1** | 1 | - | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | **21** | 5 | 16 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **3** | - | 3 | - | - |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | **1** | 1 | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***280*** | ***51*** | ***118*** | ***89*** | ***32*** |

Во Службата, заклучно со 31.12.2015 година има 248 административни службеници и 32 вработени без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 280 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, кој има тројца заменици.

Службата има 51 раководен административен службеник, 118 стручни административни службеници, 79 помошно-стручни административни службеници и 32 вработени без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО 2015 ГОДИНА**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година беа реализирани повеќе генерички и специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на административните службеници во Службата:

***Јануари***

1. Обука за законодавниот процес од од 21 до 23 јануари 2015 година, Скопје, во организација на CESS на Холандија (Центар за Европски безбедосни студиии) и Собранието на Република Македонија, одржана во Едукативниот центар на Парламентарниот институт - 14 учесници;
2. Обука за Е-архива, 28 јануари 2015 година Скопје, во организација на НДИ, одржана во НДИ Скопје - 4 учесници;
3. Обука на тема: „Проценка на ризиците во планирањето на ревизијата", 28 јануари 2015 година, во организација на Министерството за финансии -1 учесник;
4. Обука на тема:„ Работата на парламентарните комисии "од 24 јануари 2015 година до 1 февруари 2015 година, во Конгресот на САД, Вашингтон, во организација на Националниот демократски институт - 2 учесници и
5. Стручно советување на тема:„Изготвување на завршна сметка за 2014 година според новите прописи", 29-31 јануари 2015 година, х. Монтана, Крушево, во организација на Консултантско друштво за економскио-правни и други услуги „Македонија биро"  -2 учесници.

***Февруари***

6. TAIEX работилница за слободен пристап до информации од јавен карактер", 5 и 6 февруари 2015 година, хотел Арка во Скопје, организирана во соработка со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер - 2 учесници;
7. Парламентарен семинар на тема: "Енергетска сигурност, енергетска ефикасност и поврзаност на земјите од Западен Балкан и Турција„" 5 и 6 февруари 2015 година, Анкара, Големото Национално Собрание на Република Турција, во организација на Европскиот парламент и Големото Национално Собрание на Република Турција -1 учесник;

8. Обука за Заедничката рамка за проценка - CAF, 12 и 13 февруари 2015 година,Едукативен центар на Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија -15 учесници;
9. Практична обука за подготовка на акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, согласно новите закони за администрација, 19 февруари 2015 година, Центар за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 2 учесници;
10. Обука за ИПА оперативна структура на тема:
    - „ИПА Practical Guide", одржана на од 9 до 11 февруари 2015 година, и
    - „Неправилности и измама", одржана на 3 и 4 март 2015 година, Центар за обуки на Секретаријатот за европски прашања, Скопје во соработка со GIZ - 1 учесник и
11. Регионална Конференција на тема: "Улогата на парламентите во буџетскиот и финансискиот надзор", 19-22 февруари 2015 година, Тирана, Албанија, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија -1 учесник.

***Март***

12. Во организација на Европскиот Парламент, а по повод Меѓународниот ден на жената беа одржани Парламентарен семинар на тема "Зајакнување на положбата на жените и девојките преку образование" и Интерпарламентарна конференција на тема "Политичко учество на жените од Западен Балкан и Турција", од 3 до 5 март 2015 година, Европски парламент во Брисел, Кралство Белгија - пратеници и 1 учесник;
13. Обука на тема "Буџетска поддршка", 6 март 2015 година, ЕУ Инфо центарот, Скопје, во организација на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија - 1 учесник;
14. Семинар на тема "Развивање на политичката култура и унапредување на политичкиот дијалог кон одржлива демократија", 23 и 24 март 2015 година, Брисел, Кралство Белгија во организација на Директоратот за демократска поддршка на Европскиот парламент-пратеници и 1 учесник од Службата на Собранието;
15. Студиска посета на Националното собрание и Сенатот на Француската Република, од 23 до 27 март 2015 година, Париз, Француската Република - 6 учесници;
16. Обука на тема "Управување со ризици", 25 март 2015 година, Министерство за финансии - 1 учесник и
17. Обука на тема "Стратешко лидерство и вештини за креирање политики", 26 и 27 март 2015 година во Клуб на пратеници, Скопје, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација -1 учесник.

***Април***

18. Обука на тема "Раководење и развој", од 3 до 5 април 2015 година, Маврово, во организација на Парламентарен институт, а со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка SDC - 36 учесници;
19. Обука на тема "Трет семинар за приватни (воени) компании за обезбедување и Националниот безбедносен сектор", 8 до 10 април 2015 година, Ракитје, Република Хрватска, во организација на RACVIAC-Центарот за безбедносна соработка -1 учесник;
20. Работилница за градење консензус и преговарање во политиката, од 15 до 17 април 2015 година, во организација на CESS на Холандија (Центар за Европски безбедосни студиии) и Собранието на Република Македонија, одржана во Едукативниот центар на Парламентарниот институт - 14 учесници;
21. Обука на тема "Ефективно остварување на правата на заедниците", 22 и 23 април 2015 година, Струга, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедницие и Мисијата на ОБСЕ во Скопје - 1 учесник;

22. Обука на тема "Обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци", 22 април 2015 година, во Дирекцијата за заштита на личните податоци, Скопје во организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци - 2 учесници и
23. Обука за обучувачи за менторство, 30 април 2015 година, Центар за обуки на МИОА, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација - 3 учесници.

***Мај***

24. Регионална парламентарна истражувачка мрежа, 4 мај 2015 година во Приштина, Република Косово - 4 учесници;
25. Регионална парламентарна истражувачка мрежа, 7 до 8 мај 2015 година во Тирана, Република Албанија - 4 учесници;
26. Обука за вработените во Службата на Собранието за имплементација на Стандардот за управување со квалитет, ИСО 9001:2008, 8 мај 2015 година во просториите на Собранието на Република Македонија- 45 учесници;
27. Регионална Алумни работилница на истражувачката служба за унапредување на истраживачките услуги во парламентите на Западен Балкан, од 11 до 13 мај 2015 година во Црна Гора - 2 учесници;
28. Регионална парламентарна истражувачка мрежа, 20 до 22 мај 2015 година во Република Србија - 3 учесници;
29. Обука на тема "Работилница за координативни структури на ЕУ - искуствата на Хрватска, Полска и Германија и импактот врз Македонија", 6 мај 2015 година, во просториите на Секретаријатот за европски прашања - 2 учесници;
30. Обука на тема "Законодавната процедура и координативни механизми-искуствата на Хрватска и Полска и импактот врз Македонија", 21 мај 2015 година, во просториите на Секретаријатот за европски прашања - 2 учесници;
31. Семинар на тема "Некои важни прашања за парламентите во Европа: Фискална политика насочена кон зајакнување на одговорноста, социјалната сигурност и технолошкиот напредок", од 28 до 30 мај 2015 година во Варшава, Република Полска, во организација на Европскиот парламентарен центар за истражување и документација (ЕЦПРД) - 1 учесник и
32. Обука за ментори, 27 мај 2015 година, Центар за обуки на МИОА, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација - 2 учесници.

***Јуни***

33. Обука на тема "Секторска буџетска поддршка на ЕУ", од 1 до 4 јуни 2015 година во Скопје, во организација на Секретаријатот за европски прашања и Регионална школа за јавна администрација (РеСПА )- 1 учесник;
34. Работилница на тема "Обука за вршење ефективно истражување и пишување политички студии / анализи", од 3 до 6 јуни 2015 година во Охрид, во организација на Центарот за Европски безбедносни студии (CESS) и Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје - 17 учесници;
35. ЕЦПРД Семинар на тема "Вклучување на јавноста во постапката на изготвување и донесување закони", 11 и 12 јуни 2015 година, Загреб - 1 учесник;
36. Работилница за заедничка рамка за проценка CAF, 12 и 15 јуни 2015 година, Сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија, Скопје - 40 учесници;
37. Работилница на тема "Консултации за управување", од 22 до 24 јуни 2015 година, во Едукативниот центар на Парламентарен институт, Собрание на РМ, во организација на Националниот демократски

институт (НДИ), со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) - 18 учесници;

38. Работилница на тема: „Microsoft Excel - табеларни пресметки и графици", 19 јуни 2015 година, Едукативен центар на Парламентарен институт.
39. Стажирање во Генералниот директорат за комуникации - Директорат за медиуми во Европскиот парламент, од 1 јуни до 10 јули 2015 година, во Брисел и Стразбур, во рамките на Претпристапната програма за стажирање на Европскиот парламент -1 учесник;

***Септември***

40. Обука на тема "Административно работење", 14 септември 2015 година во просториите на Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација -1 учесник;
41. Работилница за парламентарни служби од комисиите надлежни за енергетски прашања, од 10 до 12 септември 2015 година во Виена, Австрија во организација на Енергетската заедница -1 учесник;
42. Интерпарламентарна конференција на тема "Јавниот медиумски сервис и парламентите", од 23 до 25 септември 2015 година, Загреб, Република Хрватска -1 учесник од Службата, како придружба на пратеници;
43. Обука на тема "Библиотеки и истражувачки служби кои обезбедуваат отвореност и транспарентност на Парламентот", од 24 до 25 септември 2015 година, Будимпешта, Унгарија, во организација на Европскиот парламентарен центар за истражување и документација (ЕЦПРД) - 1 учесник и
44. Работилница на тема "Хармонизација и законодавно усогласување со ЕУ", од 30 септември до 2 октомври 2015 година во Охрид, во организација на Центарот за Европски безбедносни студии (CESS) и Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје-17 учесници.

***Октомври***

45. ”Обука за нововработени членови на оперативната структура на ИПА", од 7 до 8 октомври 2015 година, во Центарот за обуки на Секретаријатот за европски прашања, Скопје -1 учесник:
46. Работилница на тема "Вклучување на родови перспективи ви истражување и анализи на политиките", од 8 до 9 октомври 2015 година, Берово во организација на UN Women -13 учесници:
47. Обука за вештини на обучувач, од 15 до 16 октомври 2015 година, во Центарот за обуки на СЕП, Скопје, во соработка со ГИЗ проектот за поддршка на работата на Секретаријатот за европски прашања - 1 учесник:
48. Обука на тема "Ефективно управување на правата на заедниците", од 20 до 21 октомври 2015 година, Струга, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје -1 учесник:
49. Обука на тема "Јавно управување и структурни реформи", од 19 до 23 октомври 2015 година, Виена, Австрија, во организација на Joint Vienna Institute (JVI) - 1 учесник и
50. Обука на тема "Употреба и злоупотреба на средствата за електронски надзор", 20 до 23 октомври 2015 година, Крањ, Република Словенија, во организација на ДЦАФ - 1 учесник.

***Ноември***

51. Обука на тема "Консултации за финасиски менаџмент", од 2 до 4 ноември 2015 година во Едукативен центар во Собрание на Република Македонија, во организација на НДИ Македонија - 15 учесници;
52. Обука на тема "Алатки за инклузивен раст", од 3 до 14 ноември 2015 година во Виена, Австрија во организација на ММФ - 1 учесник;

53. ЕЦПРД обука на тема "Е-парламент ИКТ услуги од секаде и во секое време: нови предизвици и проекти", од 5 до 6 ноември 2015 година, Анкара, Турција - 1 учесник;
54. ЕЦПРД обука на тема "Карактеристиките, предностите и недостатоците на еднодомните и дводомните парламентарни системи", 5 и 6 ноември 2015 година, Хаг, Холандија - 1 учесник;
55. Регионална конференција "Придобивката од користењето на службите за истражување во парламентите од регионот", 19 ноември 2015 во Едукативен центар во Собрание на Република Македонија, во организација на Парламентарниот институт - 7 учесници;
56. Разгледување на законот за следење на комуникациите, 20 ноември 2015година, Холидеј Ин, Скопје, во организација на DCAF - 1 учесник;
57. Обука на тема "Основи на Европската унија", 23 и 24 ноември 2015 година во просториите на Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник;
58. Студиска посета на Чешка и Словачка, од 23 до 28 ноември 2015 година, во организација на Парламентарен институт - 3 учесници;
59. Работилница за односи со јавноста, од 25 до 27 ноември 2015 година во Скопје, во организација на Центарот за Европски безбедносни студии (CESS) и Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје - 17 учесници;
60. Партиципативен форум на тема "Примена на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства", 9 ноември 2015 година во Скопје, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје - 1 учесник и
61. Национална конференција на тема "Мултикултурализам и толеранција - миграциите и предизвиците на социјалната интеграција", 16 ноември 2015 година, Скопје во МАНУ-1 учесник.

***Декември***

62. Конференција на тема "Унапредување на правата на заедниците и меѓукултурен дијалог на локално ниво", 3 декември 2015 година, Скопје во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје - 1 учесник;
63. Обука: "Вовед во Е Влада", 7 декември 2015 година, Центар за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација, Скопје - 1 учесник;
64. Обука "Антикорупциски мерки и етика во администрација", 14 декември 2015 година, Центар за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација, Скопје - 1 учесник;
65. Интетрпарламентарен семинар на тема "Реформи од 2013 година за заедничката земјоделска политика (САР/ЗЗП): импликации за земјите од проширувањето", 9 декември 2015 година, Брисел, Кралството Белгија во организација на Европскиот парламент - 1 учесник;
66. Обука на тема "Постапка за стручно усовршување на административни службеници", 17 декември 2015 година, Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник и
67. Обука за користење на Системот за управување со учењето (СУУ), 24 декември 2015 година, Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник.

***Странски јазици***

- ✓ Часови по германски јазик, во рамки на билатералната донација на Германската амбасада во Република Македонија и Институтот Гете - 5 учесници.

# 10.1.3 Парламентарен институт

**1. Организација и надлежности на Парламентарниот институт**

а) Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Македонија основана согласно член 42 став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/09), според кој за зајакнување на својот законодавен и надзорен аналитичко - истражувачки капацитет Собранието основа посебна организациона единица (парламентарен институт).

Оваа единица е составена од два Сектори:

1. Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции во чии рамки се Одделението за правни анализи и истражувања и Одделението за општи анализи и истражувања и

2. Сектор за едукација и за комуникација, истражувачка библиотека и законодавна архива во чии рамки се Одделението за едукација и комуникација и Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива.

Со Парламентарниот институт раководи државен советник - раководител на посебната организациона единица - Парламентарен институт.

б) Парламентарниот институт ги врши следните работи: врши истражувања и претставува истражувања за потребите на пратениците, работните тела, советите на Собранието и пратеничките групи во согласност со внатрешните акти што ја уредуваат работата на Парламентарниот институт, вклучувајќи и доверливи анализи и компаративни извештаи на теми побарани од пратениците; независни резимеа и проценки на влијанијата на предлог-законите; подготвува информации поврзани со остварувањето на надзорната и контролната функција на Собранието; планира, организира и спроведува семинари и работилници за пратениците, вработените во Службата на Собранието, практикантите во Собранието, асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните, надворешните соработници на пратеничките групи и други соработници; вклучувајќи и програми за вовед во работата, обука за употреба на информатички и комуникациски технологии, обука за законодавни и буџетски процедури, информативни средби за уставно право и други области. По потреба, Парламентарниот институт организира брифинзи (кратки известувања) и семинари за политиките во одредени области, како што се поглавјата од правото на ЕУ (*acquis communautaire*); унапредува и ажурира законодавна база на податоци во согласност со потребите на собранискoто истражување и архивирање; раководи со собраниската библиотека и учествува со техничка експертиза во процесот на набавки и врши распоредување на пишаните и на електронските библиотечни материјали во Собранието; разменува информации со други парламенти, предлага на генералниот секретар кореспондент или заменик-кореспондент со Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД) од вработените во Парламентарниот институт и обезбедува информации за светската мрежа за правни информации на Библиотеката на Конгресот на САД (Library of Congress' Global Legal Information Network – GLIN) и за базата на законодавни податоци на ОБСЕ (Legislationline); спроведува програма за практиканти во Собранието, вклучувајќи и ангажирање, вовед во работа, менторство и оценување на практиканти во соработка со посебната организациона единица – Одделение за управување со

човечки ресурси; организира и обезбедува специфична комуникација со јавноста и информирање на јавност; и подготвува документи што се потребни за соодветно и хармонизирано функционирање на Парламентарниот институт.

2. **Спроведени позначајни активности во извештајниот период**

- одржана е воведна сесија за новоизбрани пратеници во Собранието на Република Македонија на 31 август 2015 година, во салата „Борис Трајковски" (сесијата ја проследија 30 пратеници);
- од страна на корисниците на услугите на Парламентарниот институт доставени се вкупно **104 барања за истражувачки услуги**, а изработени се вкупно **113 истражувачки производи (истражувања и анализи)**;
- Од предвидени шест беа изработени сите планирани проактивни истражувачки работи на следните теми:

1. **Производство и трговија со вино во Република Македонија;**
2. **Правично и фер судење како дел од основните човекови слободи и права;**
3. **Компаративен преглед на Извештаите на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија по поглавја за периодот 2009 - 2015 година**
4. **Избрани макроекономски индикатори 2005 – 2015 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Македонија;**
5. **Можностите на лицата со попреченост во користење на активното избирачко право и употребата на задолжителни квоти на изборите за лицата со попреченост**
6. **Вклученоста на жените во мировните мисии**

- Во функција на вмрежување со истражувачките служби од парламентите во регионот и Европската унија и размена на експертиза, беа изработени три заеднички истражувачки студии и тоа:

1. **Изборно законодавство (избрани аспекти и држави)**
2. **Разбирање на работата и корисата на истражувачката служба во парламентот**
3. **Добри практики во парламентарниот надзор на безбедносно разузнавачките служби**

- Заедничката истражувачка работа со Словачкиот парламентарен институт беше промовирана на 31.08.2015 година во просториите на Парламентарниот институт, при што присуствуваа за првпат пратеници од владејачкото мнозинство и опозицијата, како и бројни гости и амбасадори, што претставуваше прв ваков настан за тековниот парламентарен состав.
- Регионалната студија со дел од парламентите од регионот беше претставена на регионална конференција одржана на 19 ноември 2015 во Скопје, во просториите на Парламентарниот институт, на која учествуваа претставници, колеги истражувачи од парламентите на Република Абанија, Република Србија и Република Косово.

- Сите наведени проактивни истражувачки работи се дел од збирка на проактивни истражувачки работи на македонски, албански и англиски јазик, која ќе биде објавена во 2016 година.
- Во делот на другите активности за истражување и информирање, беа одговорени **вкупно 28 прашалници** кон други баратели како Европската мрежа за парламентарни истражувања и документација, Интерпарламентарната унија, како и барања од други истражувачки служби од парламентите со кои соработува Парламентарниот институт. Раководителот на Парламентарниот институт беше назначен за заменик кореспондент за Собранието во ЕЦПИД мрежата.
- Развиен *Прашалник за утврдување на потребите од обуки* за вработените во Службата на Собранието за 2015 година;
- Усвоен е *Годишниот план за спроведување на обуки од Парламентарниот институт, како рамка за* спроведување активности за едукација и информирање на пратениците, вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во Канцелариите за комуникација со граѓаните;
- Спроведени се обуки за унапредување на информатичките познавања на вработените во Службата на Собранието (основно користење на Microsoft Excel);
- Во функција на подобра соработка на Парламентарниот институт со останатите сектори во Службата на Собранието, беше организирана обука на тема: *„Раководење и развој*" на која што присуствуваа вкупно 40 вработени;
- Спроведени се две *еднодневни обуки за асистентите во Канцелариите за контакт со граѓаните,* каде присуствуваа 47 од вкупно 55 асистенти;
- Подготвени се *Програмата за семинари за ученици од основни училишта, и Програмата за семинари за ученици од средни училишта во Република Македонија*;
- Во периодот на известување беа спроведени два еднодневни семинари за ученици од основни и два еднодневни семинари за ученции од средни училишта во Република Македонија, на кои што присуствуваа вкупно 114 ученици и 16 професори;
- Во извештајниот период, почнувајќи од април 2015 година, реализирани се седум Отворени денови на кои интерес да го посетат Собранието, покажаа граѓани, училишта и граѓански организации, при што Собранито го посетија вкупно 2890 посетители.

*Табела 2. Преглед за спроведените отворени денови на Собранието на Република Македонија*

| датум на одржување | временска рамка | број на групи | град/ општина | целни групи | | | | | | учесници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | факултети | градинка | основно | средно | граѓани | **вкупно** | машки | женски | **вкупно** |
| петок, 24 април 2015 | 10:00 - 14:00 | 8 | Скопје | | | 249 | 25 | 5 | **279** | 135 | 144 | **279** |
| петок, 22 мај 2015 | 10:00 - 15:30 | 11 | Скопје Кочани Прилеп | | | 261 | 126 | 56 | **443** | 194 | 249 | **443** |
| петок, 26 јуни 2015 | 10:00 - 12:00 | 2 | Скопје | | | 0 | 12 | 15 | **27** | 12 | 15 | **27*** |
| петок, 31 јули 2015 | 09:00 - 09:30 | 1 | Скопје | | | | | 5 | 5 | | 5 | **5*** |
| петок, 25 септември 2015 | 10:00 - 15:30 | 10 | Скопје с. Желино | | | 363 | 44 | 21 | 428 | 174 | 254 | **428** |
| петок, 30 октомври 2015 | 09:45 - 16:00 | 13 | Скопје с. Булачани | | 41 | 396 | 0 | 68 | 505 | 224 | 281 | **505** |
| петок, 20 ноември 2015* | 14:30- 15:00 | 1 | Крива Паланка | | | 29 | | | 29 | 16 | 13 | **29** |
| петок, 27 ноември 2015 | 10:15 - 15:30 | 15 | Скопје | 62 | | 522 | 64 | 6 | 654 | 291 | 363 | **654*** |
| петок, 25 декември 2015 | 9:45 - 16:00 | 10 | Скопје, Штип, Струмица, Пробиштип | 104 | 94 | 260 | 57 | 5 | 520 | 211 | 309 | **520** |
| | | | | | | | | | | | Вкупно | **2890** |

*График 1 на посетителите на Отворен ден на Собрание на Република Македонија според целни групи*




- Беше оддржана тркалезна маса на тема "*Можностите за соработка помеѓу Парламентарниот институт и организациите на граѓанското општество*", на која што присуствуваа 28 претставници од 23 граѓански организации;

* 1 посетител - лице со посебни потреби
* организирана тура по барање

- Организиран ликовен конкурс за ученици од основните училишта во Скопје на тема "*Собранието низ слики*", на која што учествуваа 28 ученици со 8 наставници;
- Беа подготвени следните материјали за информирање и едукација:
  - Флаерот за Парламентарниот институт;
  - Флачерот за истражувачката библиотека
- Препечатени се вкупно **10582** информативни материјали а дистрибуирани се вкупно **10432** информативни материјали до соодветните целни групи;
- Изработен и спроведен е планот за набавка на книги и се набавени околу 368 наслови, така што вкупниот број на наслови во Истражувачката библиотека изнесува околу 3968;
- Во електронски библиотечен систем (софтвер) беа внесени 3243 наслови;
- Во делот на подготовка на референтни материјали (тематски истражувања) во 2015 година, заклучно со декември се изработени **12** проактивни тематски истражувања (1. Политички систем; 2. Заштита на човековите права; 3. Јавни финансии; 4. Правата на жените; 5. Европска интеграција; 6. Балканот и балканските земји низ годините; 7. Миграцијата во Европа; 8. Избори и Изборни системи; 9. Употребата на електронскиот надзор и средствата за комуникација; 10. Буџет; 11. Заштита на семејството; 12. Жените во политиката.) и **три** тематски истражувања на барање на корисниците.
- Во насока на обезбедување на дополнителни извори на информации на располагање е ставена во функција опремена читалница каде се достапни: дневни и неделни списанија и весници, интернет пристап и бази на податоци (EBSCO, Службен весник, Академика, Стратфор global intelligence).
- Ставен е во функција електронскиот систем за законодавната архива (софтвер) каде што во извештајниот период скенирани се и индексирани 236 точки од дневниот ред на 20 седници од актуелниот пратенички мандат.

### 3. Спроведени активности за зајакнување на капацитетите на вработените во Парламентарниот институт

Во периодот на известување беа организирани обуки и студиски посети за вработените во насока на стекнување на знаења и вештини, размена на искуства со цел за поуспешно извршување на работните задачи и остварување на надлежностите на Парламентарниот институт.

Табела 3. Преглед на организирани обуки и студиски посети

| Ред. бр. | Обуки и студиски посети | Обучувач | Датум и место | Учесници |
|---|---|---|---|---|
| **јануари** | | | | |
| **1.** | Обука за законодавен процес | CESS и Холандска амбасада | 21-23 јануари 2015 година, Парламентарен институт | Шест вработени во Парламентарниот институт |
| **2.** | Обука за Е-архива | НДИ Македонија | 28 јануари 2015 година, НДИ Македонија | Четири вработени во Парламентарниот институт |
| **февруари** | | | | |
| **3.** | Користење на дата база на податоци, EBSCO, EDS, PlUMx | Pavel Synek и EBSCO | 3 февруари 2015 година, Парламентарен институт | Петнаесет вработени во Парламетарниот институт |
| **4.** | Законодавна архива | Next sense | 16 февруари 2015 година, Парламентарен институт | Тројца вработени во Парламентарниот институт |
| **5.** | Заедничка рамка за проценка | CAF | 25-26 февруари 2015 година, Парламентарен институт | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **април** | | | | |
| **6.** | Раководење и развој | Парламентарен институт | 03-05 април 2015 година, Маврово | Седумнаесет вработени во Парламентарниот институт |
| **7.** | Monitoring and Evaluation, Consultations | Tore Berge, Norvegian Parliament | 07-08 април 2015 година, Парламентарен институт | Сите вработени во Парламентарниот институт |
| **8.** | Работилница за градење консензус и преговарање во политиката | COMTAC | 15-17 април 2015 година, Парламентарен институт и сала IV | Седум вработени во Парламентарниот институт |
| **9.** | Обука за Е-архива | Next sense | 20 април 2015 година, Парламентарен институт | Четири вработени во Парламентарниот институт |
| мај | | | | |
| **10.** | Финансиско управување и контрола | Економски факултет | 14-15 мај 2015 година, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **11.** | Обука за Е-архива | Next sense | 18 мај 2015 година, Парламентарен институт | Четири вработени во Парламентарниот институт |
| **12.** | Некои клучни прашања за парламентите во Европа : фискална политика која поттикнува отчетност, социјално осигурување и технолошки напредок | ЕЦПИД | 28-30 мај 2015 година, Варшава | Еден вработен во Парламентарниот институт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Јуни** | | | | |
| **13.** | Работилница за обука за вршење ефективно истражување и пишување политички студии/анализи | CESS | 03-05 јуни 2015 година, Охрид | Осум вработени во Парламентарниот институт |
| **14.** | Вклучување на јавноста во постапката на изготвување и донесување закони | ЕЦПИД | 11-12 јуни 2015 година, Загреб | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **15.** | Работилница за заедничка рамка за проценка | CAF | 12 јуни 2015 година, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **16.** | Microsoft - Excel табеларни пресметки и графици | Парламентарен институт | 19 јуни 2015, Парламентарен институт | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **17.** | Менаџмент и консалтинг | НДИ Македонија | 22-24 јуни 2015 година, Парламентарен институт | Осумнаесет вработени во Парламентарниот институт |
| **Јули** | | | | |
| **18.** | Работилница на тема : Креирање на индекс за добро управување во Македонија | ЦПРМ | 2-5 јули, Охрид | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **август - септември** | | | | |
| **19.** | Промоција на заедничко истражување на Парламентарниот институт на Република Македонија и ПИ на Словачка Република | ПИ на Република Македонија | 31 август - 01 септември 2015 година, Парламентарен институт | Деветнаесет вработени во Парламентарниот институт |
| **20.** | Библиотека и истражувачки служби кои обезбедуваат отвореност и транспарентност на парламентите | ЕЦПИД | 24-25 септември 2015 година, Будимпешта | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **21.** | Обука за истражување и законодавство | ИРИ и Парламентарен институт | 29 септември - 01 октомври 2015 година, Парламентарен институт | Шест вработени во Парламентарниот институт |
| **22.** | Рамноправна родова застапеност во донесување на одлуки | Македонско женско лоби | 30 септември 2015 година, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **23.** | Работилница за хармонизација и законодавно услогласување со ЕУ | ЦЕСС | 30 септември - 02 октомври 2015 година, Охрид | Седум вработени во Парламентарниот институт |
| **октомври** | | | | |
| **24.** | Вклучување на родовите перспективи во истражувањата и анализи на политиките | UN Women | 07 - 09 октомври 2015 година, Берово | Десет вработени од Парламентарниот институт |
| **25.** | Конкурентност, развој и кризи | Виенски институт | 12-16 октомври 2015 година, Виена | Еден вработен од Парламентарниот институт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **26.** | Годишна конференција на коресподенти | ЕЦПИД | 14-18 октомври 2015 година, Берн | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **27.** | Јавно управување и структурни реформи | Виенски институт JVI | 19-23 октомври 2015година, Виена | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **28.** | Употреба и злоупотреба на мерките за електронски надзор | DCAF | 19-23 октомври 2015 година, Крањ | Двајца вработени во Парламентарниот институт |
| **ноември** | | | | |
| **29.** | Консултации за финансиски менаџмент | НДИ Македонија | 02-04 ноември 2015 година, Парламентарен институт | Петнаесет вработени во Парламентарниот институт |
| **30.** | Алатки за инклузивен раст | ММФ | 03-14 ноември 2015 година, Виена | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **31.** | Е- парламент ИКТ услуги од секаде и во секое време: нови предизвици и проекти | ЕЦПИД | 05-06 ноември 2015 година, Анкара | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **32.** | Карактеристиките, предностите и недостатоците на еднодомните и дводомните парламентарни системи | ЕЦПИД | 05-06 ноември 2015 година, Хаг | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **33.** | Регионална конференција на тема : Придобивката од користење на службите за истражување во парламентите од регионот | Парламентарен институт | 19 ноември 2015 година, Парламентарен институт | Седум вработени во Парламентарниот институт |
| **34.** | Разгледување на законот за следење на комуникациите | DCAF и други комисии | 20 ноември 2015 година, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **35.** | Основи на ЕУ | МИОА | 23 - 24 ноември 2015 година, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **36.** | Студиска посета на Чешка и Словачка | Парламентарен институт | 23-28 ноември 2015 година, Чешка и Словачка | Тројца вработени во Парламентарниот институт |
| **37.** | Работилница за односи со јавност | COMTAC и CESS | 25-27 ноември 2015 година, Скопје | Шест вработени во Парламентарниот институт |

## 10.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***




***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 228.365 копии**
**А3 формат: 533.842 копии**
**А4 формат фотокопирани: 508.947 копии**



# 11.ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| **1.** | Четврта седница | **04.09.2015** | **петок** | **15,25-15,40** |
| **2.** | Единаесетта седница | **22.07.2015** | **среда** | **16,15-16,20** |
| **3.** | Триесетта седница | 20.01.2015<br>21.01.2015<br>23.01.2015 | вторник<br>среда<br>петок | 12,25-18,05<br>13,25-16,50<br>12,30-19,30 |
| **4.** | Триесет и прва седница | 14.01.2015<br>15.01.2015<br>16.01.2015 | среда<br>четврток<br>петок | 12,15-18,10<br>12,20-18,00<br>11,25-14,25 |
| **5.** | Триесет и втора седница | 20.01.2015 | вторник | 11,20-11,35 |
| **6.** | Триесет и трета седница п*п* | 29.01.2015 | четврток | 11,55-16,15 |
| **7.** | Триесет и четврта седница | 28.01.2015<br>22.07.2015 | среда<br>среда | 12,30-17,10<br>16,20-16,25 |
| **8.** | Триесет и петта седница | 16.02.2015<br>17.02.2015<br>18.02.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда | 12,20-17,50<br>12,50-18,05<br>12,10-17,55 |
| **9.** | Триесет и шеста седница | 10.02.2015<br>11.02.2015 | вторник<br>среда | 13,20-16,15<br>12,20-17,40 |
| **10.** | Триесет и седмаседница | 02.03.2015<br>03.03.2015<br>22.07.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда | 12,10-17,00<br>12,20-13,55<br>16,10-16,15 |
| **11.** | Триесет и осма седница п*п* | 26.02.2015 | четврток | 11,50-17,15 |
| **12.** | Триесет и деветта седница | 16.03.2015<br>17.03.2015<br>18.03.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда | 12,20-17,15<br>12,35-18,10<br>14,15-17,00 |
| **13.** | Четириесетта седница | 24.03.2015 | вторник | 11,15-17,10 |
| **14.** | Четириесет и прва седница | 30.03.2015<br>31.03.2015 | понеделник<br>вторник | 12,30-17,55<br>12,20-17,15 |
| **15.** | Четириесет и втора седница п*п* | 26.03.2015 | четврток | 12,00-18,00 |
| **16.** | Четириесет и трета седница | 14.04.2015<br>15.04.2015<br>16.04.2015<br>11.06.2015<br>25.06.2015 | вторник<br>среда<br>четврток<br>четврток<br>четврток | 12,25-16,35<br>12,30-17,00<br>13,10-14,05<br>14,35-14,40<br>15,20-17,15 |
| **17.** | Четириесет и четврта седница | 06.04.2015 | -понеделник | 11,30-16,35 |
| **18.** | Четириесет и петта седница | 28.04.2015<br>29.04.2015 | -вторник<br>-среда | 12,15-17,55<br>13,15-13,35 |
| **19.** | Четириесет и шеста седница п*п* | 30.04.2015 | -четврток | 12,00-16,20 |
| **20.** | Четириесет и седма седница | 11.05.2015<br>12.05.2015<br>13.05.2015<br>14.05.2015 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 12,25-12,30<br>12,30-16,10<br>15,50-16,45<br>12,30-14,10 |
| **21.** | Четириесет и осма седница | 06.05.2015 | среда | 11,20-16,25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **22.23.** | Четириесет и деветта седница | 26.05.2015<br>28.05.2015 | вторник<br>четврток | 12,25-16,45<br>12,25-14,15 |
| **24.** | Педесетта седница | 13.05.2015 | среда | 13,30-15,00 |
| **25** | Педесет и прва седница | 20.05.2015 | среда | 11,20-14,35 |
| **.26** | Педесет и втора седница п*п* | 27.05.2015 | среда | 11,45-16,20 |
| **.27.** | Педесет и трета седница | 09.06.2015<br>10.06.2015<br>11.06.2015 | вторник<br>среда<br>четврток | 12,25-17,00<br>12,40-18,15<br>13,20-14,35 |
| **28.** | Педесет и четврта седница | 22.06.2015<br>23.06.2015<br>25.06.2015 | понеделник<br>вторник<br>четврток | 12,30-16,30<br>13,20-16,40<br>13,20-15,00 и<br>17,20-18,10 |
| **29.** | Педесет и петта седница п*п* | 24.06.2015 | среда | 11,45-15,55 |
| **30.** | Педесет и шеста седница | 18.06.2015 | четврток | 12,30-16,55 |
| **31.** | Педесет и седма седница | 07.07.2015 | вторник | 12,30-16,40 |
| **32.** | Педесет и осма седница | 25.06.2015 | четврток | 15,05-15,20 и<br>17,15-17,20 |
| **33.** | Педесет и деветта седница | 22.07.2015<br>29.07.2015 | среда<br>среда | 12,20-16,10<br>16,20-17,05 |
| **34.** | Шеесетта седница п*п* | 31.07.2015 | петок | 12,05-16,40 |
| **35.** | Шеесет и прва седница | 29.07.2015<br>30.07.2015 | среда<br>четврток | 12,15-16,20<br>13,25-14,30 |
| **36.** | Шеесет и втора седница | 20.08.2015<br>21.08.2015<br>24.08.2015 | четврток<br>петок<br>понеделник | 12,20-17,55<br>13,25-17,15<br>14,20-16,10 |
| **37.** | Шеесет и трета седница | 26.08.2015<br>27.08.2015 | среда<br>четврток | 12,15-17,25<br>13,15-13,45 |
| **38.** | Шеесет и четврта седница | 25.08.2015<br>26.08.2015<br>27.08.2015 | вторник<br>среда<br>четврток | 14,20-15,50<br>17,25-19,40<br>13,50-16,20 |
| **39.** | Шеесет и петта седница | 04.09.2015 | петок | 12,15-15,25 |
| **40.** | Шеесет и шеста седница п*п* | 23.09.2015 | среда | 11,45-18,45 |
| **41.** | Шеесет и седма седница | 28.09.2015<br>29.09.2015<br>30.09.2015<br>01.10.2015<br>02.10.2015<br>05.10.2015<br>06.10.2015<br>07.10.2015<br>08.10.2015<br>09.10.2015<br>28.10.2015<br>30.10.2015<br>20.11.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>петок<br>понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>петок<br>среда<br>петок<br>петок | 12,20-19,10<br>11,20-18,00<br>11,30-20,15<br>12,10-19,00<br>13,15-19,00<br>11,20-19,05<br>11,35-17,25<br>11,40-20,05<br>11,35-19,10<br>12,10-19,45<br>13,20-19,05<br>11,15-18,45<br>23,45-23,55 |
| **42.** | Шеесет и осма седница | 15.09.2015 | вторник | 13,15-17,30 |
| **43.** | Шеесет и деветта седница | 15.09.2015 | вторник | 22,05-22,25 |
| **44.** | Седумдесетта седница | 18.09.2015 | петок | 14,30-17,15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **45.** | Седумдесет и прва седница | 02.11.2015<br>03.11.2015<br>04.11.2015<br>05.11.2015<br>06.11.2015<br>10.11.2015<br>12.11.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>петок<br>вторник<br>четврток | 12,20-18,40<br>12,30-17,40<br>12,15-18,00<br>12,15-18,35<br>12,05-15,50<br>11,40-13,15<br>13,25-17,00 |
| **46.** | Седумдесет и втора седница п*п* | 29.10.2015 | четврток | 11,40-18,05 |
| **47.** | Седумдесет и трета седница | 16.11.2015<br>17.11.2015<br>18.11.2015<br>19.11.2015<br>20.11.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>петок | 12,25-18,10<br>13,00-19,00<br>11,10-20,15<br>12,20-19,00<br>12,20-23,45 |
| **48.** | Седумдесет и четврта седница | 01.12.2015<br>03.12.2015<br>04.12.2015<br>07.12.2015<br>09.12.2015<br>10.12.2015<br>14.12.2015<br>15.12.2015<br>16.12.2015<br>17.12.2015<br>29.12.2015 | вторник<br>четврток<br>петок<br>понеделник<br>среда<br>четврток<br>понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>вторник | 12,20-18,15<br>12,35-20,05<br>11,45-19,00<br>12,30-17,25<br>12,50-17,10<br>12,40-16,20<br>12,45-18,05<br>12,20-18,00<br>12,25-13,40<br>12,15-18,20<br>16,15-16,35 |
| **49.** | Седумдесет и петта седница | 09.11.2015 | понеделник | 15,30-23,50 |
| **50.** | Седумдесет и шеста седница | 11.11.2015 | среда | 12,45-14,25 |
| **51.** | Седумдесет и седма седница п*п* | 30.11.2015 | понеделник | 11,50-18,00 |
| **52.** | Седумдесет и осма седница | 17.11.2015 | вторник | 12,20-12,50 |
| **53.** | Седумдесет и деветта седница | 04.12.2015 | петок | 11,15-11,30 |
| **54.** | Осумдесетта седница | 21.12.2015<br>22.12.2015<br>23.12.2015<br>24.12.2015<br>28.12.2015<br>29.12.2015<br>30.12.2015 | понеделник<br>вторник<br>среда<br>четврток<br>понеделник<br>вторник<br>среда | 12,20-23,55<br>15,35-17,55<br>12,40-18,05<br>12,45-17,55<br>12,30-18,20<br>12,30-15,50<br>12,50-13,40 |
| **55.** | Осумдесет и прва седница | 22.12.2015 | вторник | 12,40-13,25 |
| **56.** | Осумдесет и втора седница | 10.12.2015<br>11.12.2015 | четврток<br>петок | 12,25-12,40<br>12,30-16,05 |
| **57.** | Осумдесет и трета седница | 16.12.2015 | среда | 15,20-17,50 |
| **58.** | Осумдесет и четврта седница п*п* | 31.12.2015 | четврток | 12,15-16,55 |
| **59.** | Осумдесет и шеста седница | 30.12.2015 | среда | 14,15-16,15 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Четврта седница** **18.06.2014 (среда)**

1. **Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за избор на член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.**[13]

**Единаесетта седница** **30.07.2014 (среда)**

15. **Дополнет предлог на закон за прекршоците - II читање.**

**Триесетта седница** **20.01.2015 (вторник)**

1. Утврдување на Предлог на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII, XXXIX и XL на Уставот на Република Македонија;
2. **Донесување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII, XXXIX и XL на Уставот на Република Македонија;**
3. **Прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII, XXXIX и XL на Уставот на Република Македонија;**
4. **Предлог на уставен закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XL на Уставот на Република Македонија.**[14]

**Триесет и прва седница** **14.01.2015 (среда)**

1. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти;
2. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, поднесен од пратеникот Зоран Илиоски;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата - II читање;
4. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата - II читање;
